**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 ноември 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранинето на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Љупчо Јордановски.

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 114-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Лилјана Поповска, Неждет Мустафа, Иван Стоиљковиќ, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Теута Арифи, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Сеуште сме на првата точка.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Општиот претрес по текстот на Предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија е заклучен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на точка 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 и истиот го повлече.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на точка 1 за внесување нов став 1 пред ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ристана Лалчевска поднесе амандман на точка 1 став 1 алинеја 4, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амамдманот на точка 1 за внесување нов став 1 пред ставот 1 на текстот на Предлогот на амандманот 26, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете, министре.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот од пратеникот Жарко Караџоски не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Амандманот кој што го предлагам, за да биде појасно, е тоа што предлагам во амандманот 26 пред точката 1 и 2 да се додаде нова точка 1, која би гласела:"Судијата при првиот избор за судија во првостепениот суд се избира за време од 5 години. По истекот на периодот од 5 години и исполнувањето услови со закон судијата може да биде избран без ограничување на траење на мандатот". Значи ова е амандманот кој што го предлагам, а причините поради кои сметам дека овој амандман треба да биде прифатен ги кажав во општиот претрес, а сега ќе настојувам повторно да ги изнесам, заради тоа што сепак поминаа 3 дена и да не е заборавено.

Во праксата на многу држави не е непознато да се предвидува можност првиот избор да биде со ограничено траење на мандатот како еден вид пробен мандат. Значи овој амандман на некој начин го опфаќа она што имавме прилика да го дискутираме во врска со пробниот мандат, поточно со воведување на некаков пробен мандат, така што овој начин со поместување на старосната граница за добивање траен мандат за вршење на судиската функција ќе се овозможи да бидат избрани судии кои се одликуваат со поголема зрелост, кои поседуваат побогато искуство и мудрост, што претставува голем дел од она што значи да се биде добар судија. Исто така, неограничениот мандат на судиската функција особено при првиот избор во практиката покажа слабост од аспект на неможност за филтрирање на стручни кадри. Значи, ако некој мотив ме водел кон поднесување на ваков амандман е токму филтрирањето и доаѓање до што поголем степен на стручни кадри во рамките на судството.

Морам да напоменам дека и во јавната дебата и јавната расправа имаше многу забелешки во однос на овој амандман, некој во прилог на поддршка на една ваква идеја, некои во спротивност односно со неприфаќање на идејата.

Како предлагач ги прифатив оние забелешки кои доаѓаа од самите судии, како на пример, ќе прочитам неколку: судиите што го поддржаа ова решение истакнуваа дека судиите што се стручни и квалитетни не треба да стравуваат дека нема да бидат избрани со оглед на тоа што во иднина изборот ќе го врши орган во кој ќе доминираат членови од струката, односно од редот на судиите. На крајот на краиштата, сами би си ја кроеле судбината, со тоа што оној кој што е квалитетен, кој се потврдил со својата работа нема причина да стравува дека нема ограничениот мандат да му се трансформира во траен мандат, од проста причина што истиот избор ќе го изврши оној орган кој сега согласно уставните амандмани треба да се нарекува Судски совет на Република Македонија, во кој ќе доминираат судиите.

Како аргумент во прилог на ова решение беше наведен фактот дека со ова решение ќе се овозможи намалување на бројот на неквалитетните судии и вршењето на судиската функција ќе биде доверено само на најстручните, најсовесните и најодговорни судии, што е и цел која треба да се оствари со овој амандман.

Имаше забелешка во јавната расправа дека во текстот на Нацртот на амандманот периодот што беше предвиден од страна на Влада изнесуваше 3 години, според судиите бил прекраток, а за да се оцени квлаитетот во работата на судијата тие истите се залагаат за негово продолжување на 5-6 години.

Тргнувајќи од ова што сега го прочитав, го поднесов овој амандман и тука рокот предложив да биде 5 години, онака како што еден дел од самите судии во јавната расправа бараат да биде 5 години.

Според тоа, јас сум свесен дека поголем дел од дискутантите во јавната расправа беа против воведувањето на пробниот мандат како можност да се врши притисок врз судиите и од овој аспект дека со пробниот мандат тие судии нема да бидат во рамноправна позиција со оние судии кои веќе имаат траен мандат и дека на нив ќе се врши еден поголем психолошки притисок. Се потрудив да го разгледам она што е овде дадено од страна на предлагачот, што е извештај од јавната расправа, покрај оние начелни квалификации и забелешки кои можат да се извадат од овој извештај, интересно е тука што имаме разни предлагачи, граѓани, асоцијации итн, и морам да признам дека има добар дел граѓани и институции кои размислуваат исто онака како и јас со овој амандман. Јас ќе се потрудам да изнесам некои поконкретни.

На пример, Форумот за Евроатланска интеграција во Република Македонија или скратено ФЕИ исто така предлага една ваква можност, слична идеја како овој амандман што јас го предлагам, со тоашто разликата е во тоа што кај нив наместо како што јас предлагам 5 години да биде пробниот мандат, тие предлагаат 6 години и како би се трансформирал пробниот мандат во траен, тие предлагаат да нема втор избор, односно тоа да биде по некој афтоматизам, односно доколку некој не ги задоволува условите и не треба да биде избран да биде разрешен, а другите кои го исполнуваат условот автоматски да преминат во траен мандат. Тука има доста други граѓани кои не би сакал да ги цитирам, но во секој случај има и забелешки кои одат во прилог на ваквата констатација која јас ја кажувам.

Што се однесува пак до меѓународните стандарди од областа на судството, дали една ваква одредба која со овој амандман ја нудам е во спротивност со меѓународните стандарди, морам да истакнам дека тоа воопшто не е во спротивност со меѓународните стандарди и не е непозната една ваква пракса на пробен мандат и во другите земји, со тоа што можеби Република Македонија би била во поретките земји кои ќе имаат еден таков пробен мандат. Да не заборавиме, ние сепак сме во некоја транзиција и дека сега прв пат правиме посериозни промени во судството од моментот кога е донесен Уставот, во 1991 година, и да не заборавиме дека и покрај тоа што можеби е уставна придобивка крајниот мандат, сепак тој покажа извесни слабости.

Факт е, почитувани колеги, дека во овој период покрај онаа неефикасност што моежеме да ја правдаме со натрупани предмети во судството и дека за тоа можеби е виновен самиот Устав поради што сега преминавме кон измени, можеби и законодавството, но не треба да заборавиме дека има доста критики во однос на стручноста на работата на судиите од субјективни причини, така што многу често се случува одредени предмети, одредени судии кои постапуваат по одредени предмети да бидат доста критикувани од домашната или меѓународната јавност, или некои да трајат предолго, а некои да бидат одлуки што предизвикуваат разрешување на одредени судии, кој процес и не е така мал во Собранието на Република Македонија, или одредени одлуки на одредени судии да влијаат дури и кај одредени претставници на меѓумнародната јавност да вршат притисок во Републичкиот судски совет или во јавноста одреден судија на некој начин да биде мотивиран да пресуди така како што треба. Тука не е проблем само политичкото влијание, проблемот е и што трајниот мандат кај судиите дава одреден комодитет во смисла на тоа дека не постои можност да постапи вака или онака, освен можноста што ја даваше Уставот, а тоа е поради нестручно работење да биде разрешен. Меѓутоа, разликата меѓу трајниот мандат и мандатот кој што сега јас го предлагам како пробен мандат е во тоа што сите оние судии кои ќе бидат првоизбрани, ќе имаат дополнителна мотивација за да бидат избрани со траен мандат, да работат постручно и да се докажат во својата работа за да го задржат својот мандат, а со тоа би дошло до одредена филтрација на одредени кадри. Ако овде дискутираме и не само дискутираме, туку тоа и праксата го потврди, на крајот на краиштата заради тоа ја правиме реформата, дека при изборот на судиите постои огромно политичко влијание заради тоа што изборот на судиите го врши Собранието на Република Македонија, застапено преку политичките претставници и ако при еден таков избор сме створиле кадри кои можеби не можат да се носат со она што треба и она што е неопходна задача, ние треба да направиме инструмент со кој во иднина не би требало тоа да се случува, односно би требало да дојдеме до што поквалитетни кадри. Ако признаваме и ако сме свесни дека поради политичкото влијание, односно имало политичко влијание и политички притисок во изборот, работата на судиите и во разрешувањето, тогаш треба да признаеме дека во Република Македонија има и такви кадри кои благодарение на тој политички притисок или политичка волја можеби не им е местото таму каде што се избрани. Заради тоа, ако сега ја сведеме реформата само во делот на оној кој избира односно кој треба да именува, без да се даде инструмент со кој ќе се врши на некој начин проверка на стручноста на кадрите, тогаш според мене не сме направиле многу. Не е само да се елиминира Собранието како политички дом, туку да се најде и инструмент со кој ќе се влијае врз

поголема стручност на самите судии. Еден од тие инструменти е токму и овој и јас мислам дека можеби Република Македонија би била ретка земја која би имала еден таков мандат, но да не заборавиме Република Македонија е и ретка земја која е толку многу критикувана во делот на она што значи судска власт, во делот на она што значи корумпираност, во делот на она што значи нестручност и неефикасност во работата на судството, односно на за кое сите овде сме свесни и заради кое пристапуваме кон една ваква измена. Заради тоа, мора да дојдеме до што поголем број, односно што поголем репрезент на стручни кадри во судството за да имаме судство кое ќе придонесе да го добие епитетот на независно и самостојно, но и ефикасно.

Кога сме кај меѓународните стандарди, само би го прочитал она што не е спорно. Тука стои дека ваква можност односно мандат не е непознат во другите земји или не е во спротивност и со Препораката 9412 на Комитетот на министри на Советот на Европа и Европската повелба за статусот на судиите кои предвидуваат можност за избор на судија за временски ограничен период при првиот избор, кој период ќе има функција на пробен мандат пред изборот со неограничено траење на мандатот. Значи и ваквата препорака не е во спротивност со овој амандман кој јас го предлагам, иако во сегашното образложение на предлагачот може да се прочита дека истата оваа препорака се однесува и дека не треба да има пробен мандат. Значи од една страна може да се толкува и вака, од друга страна може да се толкува и во поддршка да го нема овој амандман. Можеби единствена причина поради која предлагачот, покрај јавната расправа која во проценти беше повеќе да не се прифати овој амандман, можеби главната причина се однесува на тоа што Венецијанската комисија го има дадено како мислење, а тоа е негативно, од аспект и на она што сметам односно и тие сметаат дека трајниот мандат е придобивка и треба да се зачува. Но јас повторно ќе кажам, можеби трајниот мандат е придобивка за некоја земја, но за Република Македонија треба да се замислиме дали е придобивка, затоа што праксата покажа нешто сосема друго.

Почитувани колеги, да бидам искрен и не очекувам дека Владата ќе го прифати овој амандман, па со ова образложение што сега го кажав и што имав прилика да го кажам во општиот претрес, би сугерирал до колегите пратеници сепак да размислат при гласањето за овој амандман, затоа што и аргументите кои јас ги изнесов држат, можеби и аргументите кои предлагачот ги изнесе во писменото образложение за да не се прифати овој амандман исто така држат, значи кој како цени, но јас мислам дека не би било грешка и да се прифати овој амандман, со тоа што на крајот на краиштата праксата ќе покаже дали сум бил во право или не. Сигурно дека целта на некој начин ќе ја постигнеме, со тоа што во делот на реформите на судството би вовеле еден инструмент преку кој можеме да дојдеме до филтрирање на кадрите, инструмент кој ќе ги стимулира судиите да се докажуваат во својата работа, за да го добија трајниот мандат. Сметам дека амандманот кој што јас го предлагам може слободно да се прифати, така што не треба ниеден пратеник да стравува дека со прифаќањето на овој амандман ќе излеземе од она што пред Владата предлагачот го нуди во правец на онаа реформа која се вика реформа во судството. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Томиќ, бидејќи се пријавивте, дали имате реплика или збор.

Повелете господине Мавровски, имате збор по амандманот.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувана министерке.

Еве еден од амандманите за кој што говоревме по текстот на целиот амандман, но сега пред нас е амандман на колегата Жарко Караџоски, во кој што бара судијата при првиот избор за судија во првостепен суд да биде избран за време од пет години. По истекот на периодот од пет години и исполнувањето на условите со закон, судијата може да биде избран без ограничување на траење на мандатот. И, ова е тоа што го предлага господинот Жарко Караџоски, со кој што јас апсолутно се сложувам, имајќи предвид што досега се случувало во судиската пракса и доколку се беше како демократска придобивка како што сакаме да го прикажеме изборот на судиите со неограничен мандат, се покажа дека апсолутно не е така. Зошто го говорам ова? Затоа што и овие амандмани што денес или во текот на оваа седница треба да ги донесеме, се токму поради недовербата во судската власт, поради тоа што корумпираноста и она што значи нефункционирање на судската власт, всушност, не натера сите нас да размислуваме на уставни промени, со кои што ќе најдеме решение судиите да бидат избрани така како што треба да бидат и да бидат дел од една независна власт, која што ќе може да функционира.

Но, за жал, многу пати досега токму ова Собрание сум кажувал и поминале многу избори на судии, за кои што апсолутно не добивме некоја поголема потврда, освен дека тука позицијата успеала да ги избере како судии и тие денес ги уживаат она што сега се кажува дека треба да има пробен мандат, но, тие се веќе избрани и што е за мене неприфатливо веќе на наредната седница имаме повторно избор на десетици судии кои треба да ги избереме, а тука говориме за некои уставни амандмани кои што ќе значат промена на начинот на изборот, формирање на судски совет, кој што треба да донесе еден нов квалитет во однос на судството во Република Македонија. И, сега прашање е што ќе се случи и како ќе се случи со овие што биле бирани до сега, затоа што голем број нивни одлуки се донесени во ситуација на недоверба, ситуација на погрешна проценка, меѓутоа многу ретко кој од нив добил одлука и повторно тука од позицијата да биде променет.

Некои веќе докажале дека тие грешки апсолутно можат да се третираат во однос на политички грешки и тука е можеби нивниот најголем проблем што сега се разрешени од можноста да бидат судии во некои од судовите во Република Македонија.

Значи, ова што се предлага како амандман со пробен период од пет години, апсолутно за мене е прифатливо, затоа што секаде во светот и без разлика каде што судиите добиваат неограничен мандат, секаде мора да се прави механизам на контрола на она што некој го работи. Ние не можеме да правиме проценки и тука да изнесуваме ставови, залагања каде ќе кажеме дека еден судија е успешен, затоа што имал 80 или 90% решени случаи, во кои што апсолутно само судската фела може да каже какви се тие случаи, а некој имал само 50 до 60% и кој какви случаи добива и за што се работи. Затоа, мислам дека најмногу и она што треба да го кажуваат, треба да го кажуваат самите судови и судскиот совет кој што ќе ги избере судиите. Но, во оваа ситуација сега што функционира судството, јас незнам како ќе можеме да ја направиме таа трансформација за некој што е избран, сме го избрале колку е квалитетен и како е квалитетен можат да кажат другите, а ние остануваме во ситуација како парламент и понатаму да бираме судии со политички одлуки, за разлика од она што бараме независно судство. Сега, ќе се случи сите овие избрани судии да бидат доживотно избрани и апсолутно мерилото ќе биде кое. Дали вие ќе имате некоја повреда од потешка природа, поради која што едноставно ќе си дозволите поради тешка дисциплинска повреда или нестручно и несовесно вршење на судиската функција под услови утврдени со закон. По тие услови утврдени со закон видовме дека и луѓе што сме ги разрешиле веќе добиваат пресуди со кои што ќе бидат повторно вратени на работа. Затоа, овој пробен период ќе треба да ги исфрли оние најквалитетните и тие што навистина имаат квалитет, апсолутно не треба да се сомневаат во исправноста на оваа одлука. Во која смисла? Во смисла тој што е добар, тој ќе оди напред. Но, имаме ситуација кога можеби и без сакање некогаш сме направиле грешка и сме избрале судија, кој едноставно со својот начин на однесување, со својот начин на пресудување претставува нешто што е проблем во самиот суд, меѓутоа сега немаме начин како тој судија да биде променет. Дали тој ќе добие помалку дела наредната година или ќе добие повеќе, но некои што апсолутно немаат никаква тежина и со тоа не сме го решиле проблемот. Су диите јас ги гледам, а кажав и во другите фели, како што е образованието, како што е здравството, едноставно секој треба да се докажува во својата област, за да може да добие титула или да продолжи да работи на она место на кое што е. Во оваа ситуација судиите добиваат статус на луѓе кои и со наредниот амандман 27 кога ќе добијат статус на имунитет, едноставно можат да пресудуваат и да носат пресуди кои што се однесуваат лично на граѓаните, каде што се влегува и во интегритетот на личноста загарантирана во Уставот, каде што можете да направите некоја катастрофална грешка, за разлика од ова другото кое што е мерливо и ценливо, вие да донесете во ситуација граѓанин што апсолутно никогаш повеќе своето право не ќе може да го реализира. И, тоа веќе го гледаме дека се случило во многу ситуации. Судиите, за жал, еве непочувствувале ништо од сето тоа, и понатаму судат и пресудуваат, но луѓето некои ги нема, некои добиваат трајни последици како на психолошки план и во друга ситуација во која што тој судија пресудил за нив. Мислам дека и за самата фела е добро после тие пет години да има еден начин на проверка, на контрола кој што работел, како работел, за тоа што за мене е многу тежок зборот дека во тие пет години судијата ќе чувствувал психолошки стрес поради тоа што дали ќе биде избран или нема да биде избран. Значи, ние треба да го ослободиме судијата да не чувствува никаков психолошки стрес и покрај тоа што се работи за човечки судобини и до крајот на животот да пресудува онака како што мисли тој треба да пресудува или како е принуден да пресуди. Мислам дека таква ситуација никаде во светот никој не дозволува и дека мора да има контрола и преглед на таа ситуација. Ако тоа не го направиме, тогаш сме тргнале во погрешна насока и апсолутно овие амандмани сите да ги донесеме, ако тоа не профункционира, ако ги немаме луѓето и судството што го бараме, независно судство, а такво не се постигнува со овие амандмани, туку се постигнува со начинот на кој што тие судии ќе ги применуваат законите и тука е основниот проблем. Не може за една си иста ситуација различни судии различно да пресудуваат. Значи, имате процесудирано во моментот илјада ситуации во кои што за сто исти такви ситуации имате позитивна одлука, а за другите деветстотини имате негативни одлуки, а, судат судии од Република Македонија во различни основни судови. И, сега незнам кој го применува правото, а кој не го применува правото. Тука имаме голем проблем. Ако се сведе се на тоа дека некој со политички притисок може да го контролира судството, тогаш овие амандмани можеме уште веднаш да кажеме дека апсолутно од ова не бива ништо. Значи, пробниот амандман и за самите судии е дел кој што може да кажува, вие кажувате и овде што можам од јавната расправа да видам за венецијанската комсиија, но некој размислува по инаку дека сето ова со препораките на Комитетот на министри на Советот на Европа и Европската повелба за статусот на судиите, предвидува можност за избор на судија со временски ограничен период при првиот избор. Е, сега кажуваме дека ќе формираме академија, но апсолутно академијата и двете години ако ги има како обука на судиите, прашање е кој ќе ја добие таа академија, како ќе ја добие, како ќе функционира, затоа што ќе се работи повторно за истите личности, не добиваме многу поразлично.

Јас ќе гласам за амандманот на колегата Жарко Караџоски и ги повикувам колегите пратеници да го изгласаме ова, за тоа што треба да бидеме коректни и кон останатите стручњаци и експерти во Република Македонија од различни области, кои нон стоп се доведуваат во ситуација да биде провереро нивното искуство, знаење како во образованието, во здравството и во останатите делови.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Амандманот 26 онака како што беше предвиден како Нацрт амандман сигурно е во јавната расправа и предизвика многу дискусии, полемики. Овој амандман спаѓа во категорија, навистина, каде што се слушаат аргументите, а каде практиката во другите земји покажува интересни и разни ситуации. Така што, дел во извештајот од амандманот 26 од јавната расправа е со една констатација дека поголемиот дел од учесниците во расправата беа против пробниот мандат на судиите. Веднаш сакам да кажам дека јас спаѓам во онаа втора категорија, каде што лично сметам дека пробниот мандат онака како што беше предложен во Нацрт амандманите на Владата беше навистина издржан. Меѓутоа, се дигна големам прашина околу тоа и она што најмногу зачудуваше дека таквата резерва, главно доаѓаше од редот на судиите. Тоа за мене е навистина малку чудно, бидејќи ако не повеќе самите колеги судии треба да поразмислат не само за нивниот статус, туку и за статусот на оние колеги кои за прв пат стануваат судии.

При тоа, образложението на Владата е, а и за тоа не е ставен во овој амандман, кој колегата Караџоски има поднесено амандман, значи образложението е дека пробниот манат на судиите не е решение кој оди во насока на зајакнување на независноста на судството. Дотолку повеќе што резерви кон пробниот мандат се повеќе се искажуваат и од страна на Советот на Европа. Притоа, покрај дел од судиите, бидејќи учествував на повеќе јавни расправи, интересен е ставот и на Државната комисија за спречување на корупцијата, која што е исклучиво против пробниот мандат на судиите и смета дека пробниот мандат не е во функција на зацврстување на независниот статус на судиската функција.

Што е она што колегата Караџоски го кажа, образложувајќи го својот амандман или што е она што, да кажам, предизвикува пошироки дилеми во јавноста? Аргументите против она што е предложено сега со овој амандман на Владата односно аргументите за со нацрт амандманите беа дека со трајниот мандат на судиите би се зголемила неажурноста, би се зголемила корупцијата, а со тоа и независноста се става под знак на прашање. Внимавајте, зборувам за многу силни аргументи изнесени во јавната расправа. Дури се предлагаше како награда на независноста на судиите, се постигнува само со еден сегмент, а тоа е награда за извршената работа да биде платата, а не плус и трајниот мандат. Едно многу интересно размислување. Како аргумент кон ваквото тврдење се наведува и фактот дека судиите во таков случај ќе биле понезависни и поажурни, посовесни само ако на секои шест години им престои реизбор. Значи, не само пробен мандат, туку и реизбор. Едно сосема поинакво размислување.

Од тој аспект, за мене лично, а зборувам во свое лично име, бидејќи јас бев еден од потврдите присталици за трајниот мандат и би сакал да останам доследен прво сам на себе, а второ лично мислам дека пробниот мандат е од голема полза во нашето општество, така што ќе морам да повторам дека останувам кон она што го дискутирав и првиот пат и ќе го поддржам амандманот на Жарко Караџоски.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рамадани имате збор.

**Исмет Рамадани:** Благодарам господине претседател.

Сакав да кажам два три збора во однос на амандманот на колегата Караџоски. Вистина е дека на почетокот кога дебатиравме, расправавме за првата варијанта од предлог амандманите за уставни измени во областа на судството, еден од оние кои што имаа став на партијата на почетокот, бев и јас за поддржување на еден пробен, експериментирачки мандат на функцијата судија. Меѓутоа, како што поминуваше времето никогаш не треба да останеме на она што сме го кажале еднаш, посебно за прашања кои што се во однос на парламентарни постапки, затоа што од јавната расправа и слуќшајќи ги мислењата на оние кои што се навистина компетентни од професионален аспект за прашања за функционирања на судството или на функционирање на судијата и од тоа што сме го добиле како материјал од Министерството за правда, мислењата на експертите, на судските органи, Венецијанската комисија и многу други поединци, експерти кои јас покрај се ги почитувам нивните мислења. Има едно еволуирање во однос на ова да има судијата пробен мандат или да се избере онака како што треба, значи со манат кој што го предлага амандманот од Владата.

Јас мислам дека пресериозно е или многу сериозна е функцијата судија, со самиот факт на сето она што е функција на еден судија. Гледајќи ги сите овие критериуми и сите овие можности за разрешување и да одговара судијата и самата негова функција, доаѓаме до констатација дека, сепак, не било добро судијата да има експериментален мандат или пробен мандат, туку треба да се поддржи тоа што е дадено како амандман од страна на Владата и што е расправано и дебатирано и во Уставната комисија и од многу други експерти и органи. Со еден збор, почитувајќи ги и сакајќи, се разбира, функцијата судија да биде функција за која и самиот судија,

меѓутоа и сите оние кои даваат можност да се избере односно да ја врши својата функција на судија, мислам дека не е добро да ја поставиме функцијата судија во една смисла на практикант кој што на разни форми ќе покаже слабост, туку во текот на вршењето на својата должност кога ќе помине мандатот на практикант или тој експериментален мандат, евентуално некој нешто лошо во текот на судењето или функцијата судија што ќе се случи, ќе остане во оние години на практикант или на експериментална функција и потоа ќе биде веќе доцна и ќе има последици, за вршење на една функција на овој начин.

Затоа, сум за тоа да се вратиме на основниот амандман односно на амандманот 26 и на некој начин тој да се изгласа така како што е предложен.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Оровчанец повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе. Би сакал да напомнам дека го поддржувам амандманот на нашиот колега Жарко Караџоски со една премисла дека независноста на судството не може да биде загарантирано со таканаречен пробен мандат или мандат во кој судијата треба да си ги докаже своите вредности. Мислам дека не постои професија во современиот живот воопшто, посебно во изградените демократии и напредни економии каде принципот на континуирано самодокажување, принципот на континуирана едукација, се отстранети. Напротив, тие континуирано со нови поостри и посложени критериуми се зголемуваат и на тој начин професионализмот, стручноста, експертскиот момент изразен на крај и непристрасноста, доаѓа преку нивниот професионализам.

Ние со овој амандман внесуваме еден базичен елемент во кој оние што треба да одговараат за многу животни постапки и кои треба да бидат независни од било какви политики влијанија, сепак својата стручност и професионалност на некој начин треба да ја докажат за да им биде верифициран тој таканаречен неограничен мандат. Ваква пракса постои насекаде, некаде е 7 години, некаде е 3 години. Мислам дека изборот од 5 години за оваа дејност е и те како прифатлив и мислам дека тоа треба да го прифатиме. Да кажеме примери и од другите професии, да кажам примери од медицината, да кажеме примери од универзитетот. Да бидете професор односно наставник вие 15 години континуирано мора да се докажувате, морате да направите трудови, морате да имате рецензии, морате да имате голем број на валоризирани вредности кои ќе ја докажат вашата професионалност и компетентност за таа работа. Да ги исклучиме наставниците. Кај сите лекари, воопшто на Запад, кај нас се обидуваме да го внесеме, еве со новиот закон што го изгласавме, лиценцирање и релиценцирање. Што тоа подразбира? Еднаш стеканто знаење, па макар и на судија, не е дефинитивно знаење. Потребно е континуирано надградување. Зборуваме за период или работен век од над 30 години каде што има еволуција на правна премисла, каде што има еволуција на законите, каде што целото општество на некој начин се подигнува и усовршува. Судија кој станал судија на 30 години, после 60 години треба драстично да го промени влезниот и излезниот импут кога оди во пензија, во поглед на неговата квалитификатива. Според тоа мораме да внесеме двојни механизми. Прво, селективнсота преку пробниот мандат, значи да не се дава неограничен мандат на судии кои за еден период од пет години успеале да докажат дека не ги бива, а второ да се внесат, покрај овие, други механизми каде се кажува на кој начин на судијата му престанува функцијата, туку да има ревалоризација на вредностите на тој судија, на секои 7 години каде ќе се види дали тој човек работел или не работел. Вакво решение има на пример во судскиот систем на Словенија каде што по автоматизам на мерливи работи, норми и стандарди што треба судијата да ги направи, после 7 години излегува што направил. До колку не ги направил тој треба сам да си се одкаже и едноставно повеќе да не биде судија. Значи неограниченоста на мандатот која ние сакаме да ја пласираме овде е исклучиво во функција на неговата неутралност, односно ослободување од политички притисоци, притисоци на власта или ред други притисоци кои во една независна функција која би ја немал, едноставно би имале влијание. Меѓутоа, не треба да ги заборавиме сите овие елементи кои треба да ги профилираат судиите на она ниво за кое овие судски реформи ги посакуваме. Токму од овие причини јас сметам дека најблага варијанта за да почнеме со тие реформи и во таа нова профилација, е пробниот мандат од 5 години, како што е предлог-амандманот на Жарко Караџоски.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Оровчанец.

Повелете господине Манев, имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе.

Јас еднаш зборував по амандманот 26 на Уставот. Сега би сакал да се произнесам осебно по предлог-амандманот на господиот Жарко Караџоски и оние кои го поддржуваат таквиот амандман. Сметам дека тоа е погрешно и неправилна е тезата. Ние би можеле да имаме во основните судови помлад или постар судија, или како да кажам судија од прв и од втор степен.

Едно мора да ни биде јасно. Судија е судија. Не можеш да биде судија, можеш да грешиш, можеш да правиш се, а другиот дека нема да греши. Неточна е тезата дека на еден судија му требаат уште 5 години за да се докажува, па да биде судија. Најнапред, има критериуми за избор на судија и тој судија е избран за судија и тој не е различен од ниту еден друг судија, без разлика на неговиот стаж во работењето како судија.

Ако ги земеме условите за избор на еден судија, на него најнапред му требаат 2 години да биде

приправник во суд, да положи правосуден испит, а потоа да работи уште 5 години како стручен соработник на сите судски работи, со менторство на судија. Тој ако во тој период не успеал да се остручи, нема да биде избран. Ако се остручил и ако покажал квалитети, во тие 5 години, тој ќе биде избран за судија, ако се јави на оглас и ако има таков оглас. Што би било, може некој ќе биде избран за судија и со 10 години да бил стручен соработник и на него пак ќе му требаат уште 5 години пробен мандат за судија. Сметам дека доста се потроши време во Република Македонија по однос на тој факт и сосема е погрешна тезата за судија да има пробен мандат. Тој е избран за судија, ги исполнува условите и не може со ништо да се разликува од некој друг судија. Судија може да биде некој со 5 години стручен соработник и да помине во судија, а некој да биде и 10 години, како што ги има сега во судовигте, не може да бидат распоредени или не можат да бидат примени поради немање места за судии, после 10 или 15 години стручен соработник и ние за него ќе бараме уште 5 години пробен мандат и после што ќе стане од него. Од тие причини сметам дека овој амандман не треба да го гласаат пратениците и е штетен за Република Македонија и за судската власт.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски имате три минути реплика.

**Жарко Караџоски:** Јас не би сакал да се сфати тоа како реплика на госпидинот Манев, туку како едно добјаснување.

Господине Манев, кога зборуваме за пробен мандат, зборуваме за судии, не зборуваме за стручни соработници. Таа категорија стручен соработник и судија не треба да ја мешаме од проста причина што стручен соработник во судот е една категорија која не мора да значи дека ќе биде судија, затоа што и стручниот соработник конкурира на оглас, што повторно не значи дека ќе биде избран. Изборот го врши, до сега Републичкиот судски совет, на предлог, а Собранието овде со гласање. И ви сте свесни и знаете колку стручни соработници биле предложени со огромен стаж, па не биле избрани за судии. Така ќе биде и во понатамошниот период, од страна на Судскиот совет. Така што, не треба да ја поистоветуваме стручноста, пред се на стручниот соработник или тој временски период што го поминал како стручен соработник со она што значи судиски стаж, затоа што тоа се сепак две различни работи. Овде мојот амандман зборува за пракса, за стаж како судија. Значи стручен соработник е соработник на судијата, помага и тн. Вие подобро знаете на некој начин сте биле вработени во судската власт. Според тоа во никој случај стручен соработник не суди, не постапува по предметите и тн. За разлика од него судијата е тој што суди, судија е тој што ги носи одлуките. Кога зборуваме за пробен мандат, зборуваме за мандат на судијата. Според тоа овие две категории не треба да ги мешаме за да не се сфати погрешно и да не се интерпретира погрешно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Манев имате една минута.

**Ефтим Манев:** Би сакал да кажам неколку збора, а тоа е дека не можеме да не ги мешаме тие две работи, стручен соработник и судија, бидејќи за да бидеш судија потребно е да бидеш стручен соработник. Не можеш да бидеш од било која друга професија. Потребно е тие 5 години да обавуваш таква работа, како стручен соработник во суд, за да можеш да бидеш судија. Се друго е игра, а не знам зошто. Зошто се бара, тоа за мене е несфатливо.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоо Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Очигледно овој амандман предизвика доста дискусија и кај колегите пратеници во пошироката јавност.

Ако се земе фактот дека во фазата на Предлог-амандманите, како пробен мандат или времетраење на мандатот, ограничување во траењето на мандатот на судиите и беше предложен од самото Министерство за правда. Меѓутоа од само на Министерството познати причини, тоа во Нацрт-амандманите го нема, па ние како пратеничка група, поточно колегата Жарко Караџоски го даде како амандман она што и Владата преку Министерството за правда го бранеше во претходната фаза од усвојувањето на амандманите.

Нешто поконкретно во однос на објаснувањето дека можеби е потребен овој пробен мандат.

Ние, во досегашното наше искуство од судската фела, имавме судии кои беа на реизбор и судии кои се со траен мандат, со донесувањето на Уставот на Република Македонија. И тогаш и сега се покажа дека нешто фали во судството, во однос на тоа дека сите оние критики и извештаи кои доаѓаат од институциите на Европската унија и од Меѓународната заедница, укажуваат на корупција и на независност и на несамостојност во работата на судството односно политичко влијание врз работата на судовите, што има импликации понатаму и за нашиот побрз влез во Европската унија.

На некоја од претходните седници, не се сеќавам точно кога беше, меѓутоа ние го донесовме Предлогот на законот за Академија за обука на судиите. Тоа не може да не се гледа заедно со овој амандман, со оглед на фактот што се работи за судии на чии товар, всушност, ќе падне реформата на правосудниот систем, а и самото Министерство вели дека независноста на судството е приоритет на реформите во Република Македонија.

Сега со Академијата за обука на судиите можеме да си ја претставиме сликата дека еден завршен правник кој сака да биде судија, волонтира две години во суд, во Јавно обвинителство или кај

адвокат, потоа полага правосуден испит, па конкурира за Академија, па посетува одреден број на часови за да се стекне со диплома од Академијата и до колку, здравје Боже, се појави слободно место тој ќе биде избран, до колку го положил успешно она што му е зададено од Академијата. Сега, и покрај сите најдобри желби на Владата дека со ова е се овозможи едуцирање на судиите за да можат да се носат со тешките реформи на правосудниот систем, сметам дека нема да се задоволат критериумите кои се неопходно потребни за да стигнеме до тоа толку прокламирано независно и самостојно судство. Често пати се вели дека во сите земји или компаративното искуство од останатите земји укажува на тоа дека судиите таму се избрани без ограничување на траење на мандатот. Во ова време да, во 2005 година, или 2000-та година, каде што нивниот правен поредок е уреден и функционира, да не речеме перфектно, меѓутоа функционира добро, значи каде што имаме владеење на правото, за разлика од Република Македонија каде најголемите проблеми и најголемите критики ги трпи токму судството. Сето тоа укажува на фактот дека, мое размислување е, колку и да се сака Академијата за обука на судиите да биде еден параметар за квалитетот на судиите, сметам дека пробниот мандат на секој судија ќе му биде еден начин со кој може да биде спроведена независноста и самостојноста на судството, секој судија може да работи, да пресудува без политички притисок, без политички влијанија затоа што, колеги, мора да разберете дека кај нас судиите, не знам што да им правиме, сеуште се плашат, бидејќи до сега на сите форуми, на сите јавни трибини се вели дека има корупција, не постои независност на судството, меѓутоа предметите и постапките кои се водат во судовите кажуваат дека состојбата не е таква. Можеби еден од начините е токму овој пробен мандат. И до колку се сака да се направи вистинска реформа, тогаш и самиот состав за Судскиот совет ќе биде еден од начините за да можат судиите да бидат избирани од фелата од која произлегуваат. Меѓутоа, мене ме буни и уште една работа.

Зошто, во сите оние извештаи кои ги имаме од Министерството за правда, од јавните дискусии и резултатот од јавните дискусии, ние го немаме мислењето на Здружението на судиите за ниеден амандман, ниту за овој, ниту го имаме пак за амандманот за Судскиот совет. Каде е таа фела. Зошто тој еснаф не бил консултиран од страна на Министерството за правда, затоа што судиите и целиот товар ќе падне на нив. Ако тој еснаф, Здружението на судиите не каже дали на нив им е потребно да постои овој пробен мандат и каков би бил составот, искрено да ви кажам, не верувам во ефектот од спроведувањето на реформите. Какви закони после сакаат да следуваат, за судство, за Судски совет, за прекршоци, а тоа е многу важно почитуван претседателе затоа што судската фела, на неа ќе се кршат копјата до колку не успее оваа реформа во правосудниот систем. Јас сметам дека нема ништо смешно тука. Можеле да се добијат мислењата од Венецијанска комисија, од разни граѓани, од бивши судии на Уставниот суд, а Здружението на судии да го нема никаде. Мене тоа, искрено да ви кажам, ми е чудно, а посебно кога се работи за една важна работа, значи начинот на избор на судија, правата иницјална капсула врз која понатаму треба да се темели нашето независно судство. Затоа го поддржувам амандманот во делот во кој би призлегле поквалитетни судии, поквалитетни кадри кои можат да се носат со сите проблеми што допрва ќе дојдат, ќе се појават во текот на нивната работа.

Благодарам и без коментари ако може.

**Љупчо Јордановски:** Без коментар?!

Не, само сакам да кажам дека малку ги побркавте работиве госпоѓо Којзеклиска, бидејќи еснафот, едно Здружение на судии го прогласивте како еснав. Јас колку што знам, на илјадници округли маси беа присутни судии. Освен ако во тој еснаф не се учленети некои кои не се судии. Самиот назив вели дека тоа е Здружение на судии.

Повелете една минута госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Претседателе, јас разбирам дека сте математичар, разбирам кога правите пресметки, проценти, ама кога се работи за судии и кога се работи за една ваква сложена и тешка материја што треба потоа да се спроведе во пракса, ако вие сметате дека Здружението на судии не претставува еснаф, тогаш и јас нема да можам да верувам на секој ваш коментар потоа, кога ќе го давате.

**Љупчо Јордановски:** Еснаф е едно, а организација или здружение е друго. Можеби имате милион организации од истиот еснаф. Еве, земете ги, да речеме, стопанскиве комори.

Тоа беше мојот коментар.

Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседателе.

Инаку и двајцата сте во право. Математика е филозофија, бидејќи се темели на конвенција. Ако ова не е а), тогаш е б). Тоа е, јас колку да ви се придружам, бидејќи чекав тука до говорницата.

Благодарам господине претседателе,

Консеквентен на моето мислење во комисиската расправа, сакам уште веднаш да кажам, амандманот на Пратеничката група на Народна партија, претставен од колегата Жарко Караџоски ќе го поддржам и е на место. Заради тоа што, како и тогаш што велев, така и сега тврдам дека мандатот без ограничување не е гаранција за самостојност. Како што не е ни гаранција за квалитет, како што може да биде и гаранција за грешки без ограничувања.

Значи токму во рамките на она што го кажав на самиот почеток, кога се работи за луѓе и кога се работи за општествени односи и интереси, кога се работи за прашања што се тесно поврзани со

имотот, со здравјето и животот на луѓето, многу нешта стануваат релативни.

И, еве, да воспоставиме една хипотетичка ситуација која е можна, можна е во секое општество, па можна е и кај нас. Можна и онаму каде што облиците со кои што се гради самостојноста на судиите, т.е. нивната зависност од законите изведена на многу повисоко ниво, може да дојде до хипотетична ситуација, да добиеме Судски совет што ќе се затвори во своите редови, што ќе стане една, како што метафорично колегите овде се искажуваа, една затворена, е тоа е веќе еснаф, организација и која со траен мандат ќе избира луѓе од своите редови. Од таа сфера што успеала во тој Судски совет да сконцентрира или да мајоризира интереси и тогаш имаме мајоризиран интерес што нема ограничување на мандатот и во самиот суд. Јас не велам дека тоа ќе се случи кај нас и не сум убеден во тоа дека ние ќе избереме таков Судски совет. Но, хипотетичите ситуации се секогаш можни.

И, умните луѓе, кога размислуваат за решенија што треба да имаат егзистенцијално значење врз имотот, здравјето и животите на луѓето, треба да ги гледаат нештата од сите страни, дотолку повеќе кога се работи за измена на основниот закон на оваа држава, тоа е Уставот. Значи, измена на поредокот.

Ние, мислам дека во расправата околу потребните реформи на судството, сконцентрирана околу самостојноста, одиме во крајности што нема да донесат поголема самостојност, туку ќе донесат компликации. Оти, ако избереме добар Судски совет, каде што ќе имаме целосна хармонизација на сите општествени интереси во нашата држава, затоа што во една демократија нема целосна самостојност, нема неодговорност, мора секогаш да се биде во релација со интересите на граѓанинот до вас чија што слобода ја ограничува вашата слобода и обратно. Значи, мора да се има застапеност на сите можни интереси и тие да бидат ставени во хармонија.

Значи, битката за самостојност на судството, на судиите и нивната заштита од политиканската контаминација се прави таму. Трајниот мандат е само еден облик на дополнителна сигурност што не ни дава за право при овој стадиум на развој на нашето општество, кога ни треба свежа крв, кога треба должно да им се заблагодариме со сите почести на оние кои до сега ја вршела таа извонредно деликатна функција и во минатото и сега, но нам ни треба веќе генерации на судии, на адвокати, на правници, на пратеници кои ќе бидат сообразни со развојот на нашето општество, онака како што го носат новите општествени односи што сме ги создале.

Затоа мислам дека ни се потребни два мандати. И намерно велам два мандати, бидејќи со образложението на ценетата министерка во комисиската расправа се согласив кога таа цврсто застана, започна да објаснува и тоа е за мене сосема јасно и од пред тоа, дека ние овде практично, во мандатот на судијата ставаме еден елемент на проверка. Ништо повеќе. Наречето го вие пробен или не, но јас ќе кажам, за квалитетниот судија, истекувањето на првиот мандат ќе биде само формалност, бидејќи тој зад себе ќе донесе напредување во својата кариера, доизградба на своето знаење, ќе се занимава онолку колку што му дава времето, а можеби и повеќе и со истражувачка работа, ќе го гради своето судиско знаење што не ќе може на Правниот факултет или како што кажува ценетиот колега Ефтим Манев, адвокат и човек кога со сиот респект го почитувам како поголем зналец во ова, ќе не може да го гради и само како стручен соработник. Бидејќи кога е судија, а судија во демократијата е многу важна функција, тој не е повеќе заштитник на поредокот и на партијата што го повела поредокот, тој е заштитник на граѓанинот, и секоја негова одлука имаа далекусежна одговорност. Оти, ако ги направиме само зависни нашите ценети судии од Законот, тогаш секоја одлука што ја носат е нивна и трајно нивна. Консеквенците на таа одлука ќе ја носат само тие, а не некој си авторитет кој ќе стои зад нив и кој, ако создадеме таков поредок, а јас сум против тоа да одиме во тој правец, ќе стои некој авторитет зад кој ќе се кријат. Значи, не е лесно да се биде судија, особено не во еден демократски поредок каде што вредностите се радикално различни и односот кон нив, од она што го имавме во минатото.

Затоа проверка во текот на мандатот на судијата за мене е неопходна. Неопходна. Неопходна е, оти, еве, да земеме уште една виртуелна ситуација. Замислете и покрај тоа што покажал предобри резултати за време на студиите или како стручен соработник или како адвокат, избираме судија кој не може да го понесе тој етички товар што произлегува од фактот дека тој сега сам решава за судбини, за имот, за здравје и за живот. И, ако тој не е на ниво на својата функција, зарем тоа ќе биде работа на Судскиот совет откако ќе биде направена штетата со траен мандат да го менува кога ќе дојде на ред? Тоа не е самостојност. Јас не гледам тука самостојност, како што не гледам ни самостојност во фактот дека ако, а луѓе сме и нема совршена демократија на светот и нема демократии каде што не доаѓа до договори по кулоарите. Што правиме ако се договорат? Тогаш дефинитивно, без јавна верификација и без никаква проверка ќе имаме континуирано, до пензија работење како што не сакаме да видиме во нашите судови. И, оваа цела реформа ја правиме, имено, за да го немаме тоа, а врз основа на тоа да создадеме држава со европски стандарди.

Според тоа, дајте, треба на патот до крајот на судиската кариера, на оној кој за неа ќе се определи, да го имаме тој еден момент на засечка кога способниот ќе помине натаму, онака како што тоа го предвиделе нашите собраќа, побратими од Словенија. Значи, за оној кој вреди, за оној кој ќе ги покаже перформансите, за оној кој ќе покаже

лично усовршување, напредок, ефикасност, за него вториот мандат е практично автоматски. А, прекинот за оној кој не ќе може да биде на ниво на оваа крајно одговорна задача, а верувајте ми законот се учи, правото се студира, меѓутоа професијата судија, етиката на судијата е нешто што или го имаш или го немаш или ќе го стекнеш во еден амбиент каде што ќе те раководат други елементи што ги има во книгите, ама ги има повеќе и надвор од книгите.

Според тоа, ако имаме еден таков облик на прекин, времен, каде што ќе дојде до таа проверка. а да не ги сметаме мандатите за пробен и непробен, затоа што тогаш има право колегата Манев ќе направиме двојство меѓу судиите, но судија без оглед на тоа дали е во прв или во втор мандат, без оглед на тоа дали првиот мандат му е пет години или мандатот му е од пет години, вториот е траен, тој е судија и тој е во се рамноправен. Со таа разлика, што тој, помладиот, ќе мора во таа фаза да се докаже, бидејќи оној кој има траен мандат, веќе еднаш се докажал. Во времето на транзиција и преод ќе имаме засечки, но подобро е да имаме проверка и да имаме засечки, отколку да немаме проверка за да немаме засечки, ќе имаме тогаш, понекогаш и трајни последици на лошите решенија. А, секогаш кога луѓе бираат луѓе, не е исклучена можноста и да се згреши.

Јас го поддржувам амандманот на колегата Караџоски и ве повикувам да си се вратиме на оригиналното решение што ни беше понудено тогаш и да го одминеме овој амандман и да дојдеме и таму да ги кршиме копјата на 28-от, каде што ќе ја правиме физиономијата на органот што ќе го гарантира самостојното судство во Република Македонија, а тоа е Судскиот совет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Манев, имате реплика? Три минути, вклучете го господинот Манев.

**Ефтим Манев:** Ценејќи го почитуваниот колега Слободан Чашуле, сметам дека во неговото искажување ги допирна и двете точки и тоа што се залагаме дека не е потребен тој пробен мандат, а истовремено се залага и за пробниот мандат. Тој повеќе одбегнуваше да биде пробен мандат дека ќе биде тоа мандат на проверка, на работата на тој судија, млад судија, ако може да го наречам така иако го нема ниту во закон, ниту во Устав, нема помлад судија и постар судија.

Сакам да укажам само на едно, сето тоа што се зборува дека овие млади судии кога ќе бидат избрани, им треба пробен мандат или проверка, тоа постои во самиот закон, во самиот амандман што е даден, вториот став, разрешување на судија, на функцијата судија, токму е за тоа. Не значи дека само за тие, туку секој оној судија, без разлика на неговото време поминато како судија, доколку тој не ги задоволува укажаните работи што во неговиот делокруг работи погрешно, противзаконито, ќе биде разрешен. Тоа е за судија кој е избран, почетник и за судија кој е со подолг мандат.

Не би можел еден таков судија да чекаме ние пет години, ако тој греши, ако прави безброј злоупотреби во својата работа, да чекаме пет години па да му кажеме дека не може да биде судија. Може да му се каже и по две години, и во првата година ако почне да работи погрешно од законот. Тоа што е ставено во ставот 2 од амандманот.

Затоа сметам дека со ништо не држи предложениот амандман. За мене не може да има судии од два реда. Судии од прв ред и судии од втор ред. Судија е функција. Секој е должен да ја извршува таа функција и треба да ги исполнува критериумите и условите за да биде избран. Тогаш не можеме да избереме, ни треба некој друг редослед на судење. Дали ќе суди сосема лесни предмети, што ќе суди не знам, тој тоа ќе суди и постариот судија и кривично дело убиство или било кое кое му е во надлежност.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута господине Чашуле, повелете.

**Слободан Чашуле:** Почитуван господине Манев,

Во се се согласувам со вас, само што во мојата глава им давам поинаков редослед на нештата. За мене, откако ќе заврши првиот мандат, проверката на квалитетот е многу побезболна, отколку ако ја правиме како корекција на сторена грешка врз основа на штета дадена на граѓанинот на нашата држава, на неговиот имот, на неговото здравје и живот. И во помалиот и во поголемиот мандат Судскиот совет ќе ги менува судиите ако тие таква грешка направат.

Она за што јас пледирам, некаде во кариерата на судијата, нешто како лиценца, нешто како дополнителна јавна проверка што нема да ја прави само Судскиот совет, туку јавноста, во крајна линија ова Собрание, да се види дали тој човек напредува. Јас би сакал сите судии, кога ќе судат да не грешат, за да мора Судскиот совет да ги менува.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Почитувани пратеници,

Кога станува збор за првиот мандат, со ограничено траење, со дискусиите продолжуваме во иста насока како и во претходните фази. Впрочем, ова прашање навистина предизвика интерес и во моментот кога се изготвуваа и овде се разгледуваа нацарт амандманите и во јавната расправа и сега во последнава фаза, кога ги разгледува Собранието Предлог-амандманите.

Во претходната фаза беа наведени причините поради кои што беше понудено една вакво решеие. Се согласувам со забелешките, со дел од забелешките што ги истакнаа пратениците во однос на одредени проблеми во судството. Тоа

беа и мотивите поради кои што вакво решение беше понудено, со Предлог-амандман.

Морам да истакнам и дека поради одредени слабости што во праксата ги покажа трајниот мандат и земјите од Европа се соочуваат со овие проблеми и размислуваат како да ги надминат овие проблеми, па во меѓувреме има и одредени размислувања и за прв мандат со ограничено траење, начинот и постапката на следење на квалитетот и работата кај судиите и тн. Но, тоа се прашања што секоја земја треба да ги разгледува и врз основа на своите специфики, секако и процесите во кои се наоѓа и токму поради одредени прашања поврзани и со првиот мандат со ограничено траење, но поради нашата законска регулатива и поради тоа што јавната расправа, во однос на измените на Уставот е многу значајна фаза од целата постапка на уставни измени, а тоа значи обврска за решенијата што ќе ги понуди предлагачот во Собранието, да бидат аргументирани, да бидат засновани врз основа на резултатите од јавната расправа, а токму во јавната расправа кај нас што се однесуваше на прашањето за првиот мандат со ограничено траење, покажа најсериозни забелешки, вкупно од сите Нацрт-амандмани.

Мора да се соочиме со реалноста. Тоа не значи дека со усвојувањето на Предлог-амандманите, на начин и форма како што ги предлага Владата на Република Македонија ќе престанеме да размислуваме за прашањето на квалитетот на судиите и сите други придобивки што треба да ги донесе овој процес на реформа на судскиот систем, напротив, со законите ќе се предлагаат решенија што ќе значат јакнење на квалитетот во вршење на судиската функција, следење на нивната работа и разрешување на судиите под услови и постапка пропишани и предвидени еве и со овие уставни амандмани, што ќе бидат разработени со закон, за да може сите вршители на судиските функции, кои не ја вршат функцијата врз основа на законите, кои не ја вршат врз основа и на етичките кодекси да бидат разрешувани.

Токму затоа јас кажав дека овој амандман на пратеникот Караџоски не го прифаќам како претставник на Владата, но во законите ќе размислуваме. Сега, еве и во овие работни верзии на закони што ги разработуваме во Министерството за правда, токму на јакнењето на контролните механизми и начинот на следење на работата на судиите, за да ги отстраниме оние проблеми што се појавуваат во праксата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање по амандманот.

(Пратениците влегуваат во сала).

Почитувани пратеници,

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 15 гласале за амандманот, 2 воздржани и 53 против.

Констатирам дек Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1, став 1, алинеа 4 на текстот на Предлогот на амандманот 26, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Млаедновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот на пратеникот Ристана Лалчевска се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на амандманот 26.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Господине Краљевски, повелете имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Барам збор процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Процедурално, повелете.

**Чедомир Краљевски:** Со оглед на тоа што, како што гледам никој не се јавува во претресот по текстот на Амандманот, а веднаш сега ќе дојде гласањето по овој Амандман, барам пауза од пратеничката група од еден час, за дополнителни консултации, бидејќи не се прифати амандманот на колегата Караџоски.

**Љупчо Јордановски:** Сакате да се преиспитате.

Добро, објавувам пауза до, и моја пауза, продолжуваме во 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 12,23 минути).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Ве молам, кој бара збор?

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во Собранието и во салата.

Благодарам. Пратениците нека седнат. Навистина паузите за ручек треба да ги скратиме на 15 минути, барем пола саат после да чекаме.

Преминуваме на гласање за утврдување на предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија, го ставм на гласање и ве повикувам да гласаме.

77 гласале , 77 за, нема воздржан,нема против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија, го утврди Предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Ве молам кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија.

Кој бара збор? Нема пријавено за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија.

Повторно ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Според тоа, минуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Предлогот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници и ако сме 78, 77 за, нема воздржан нема против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди предлогот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на сржта на овие измени, минуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Ве молам, кој бара збор?

Госпоѓа Лалчевска имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, амандманот 28 всушност, според мене, е еден од можеби најважните амандмани кои треба да ја понесат реформата во судството.

Во текот на изминатата јавна расправа еден од најударните амандмани за кој се расправаше и за кој беа пласирани различни ставови и мислења за да на крајот дојдеме до овој амандман кој за жал сеуште ги нема предлагачот вградено сите оние препораки на поголемиот дел од јавноста како и на опозициските партии за содржината и самата суштина на амандманот.

Реформата навистина многу ќе ни зависи како понатаму ќе тече ...

**Љупчо Јордановски:** Почекајте госпоѓо Лалчевска, ајде ве молам излезете, кој што сака да излезе нека излезе (им се обраќа на пратениците кои што сакаат да излезат од салата). Јас ќе чекам додека тие што стојат и зборуваат не излезат од салата. Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, што се потрудивте да обезбедите ред во салата за да може нормално да тече расправата.

Јас би сакала да ги изнесам своите видувања и своите забелешки на амандманот 28 кој всушност се на некој начин содржани во амандманите кои имаме дадено на овој амандман заедно со госпоѓа Бонева и очекувам парламентарното мнозинство односно и предлагачот да прифатат барем значителен дел од нашите забелешки. Бидејќи, како што ќе помине овој амандман, како ние ќе дадеме Уставен основ за идниот судски совет, за неговата бројност, за начинот на избор и за неговото функционирање така ќе ја проектираме реформата во судството која не очекува. Ако амандманот 20 беше суштина на реформата во делот на растоварување на судството и давање уставен основ за негова поажурна работа тогаш амандманот 28 е тој што треба да даде независност на судството и пред се, деполитизација.

Од тие причини би сакала да кажам дека апсолутно не се согласувам со делот во амандманот со кој се определува дека по функција член на Советот ќе биде Претседателот на Врховниот суд и тој ќе председава со Советот. Ова е делот на амандманот кој најмногу беше напаѓан во јавната расправа и со кој опозицијата апсолутно не се согласува. Ние цениме дека и покрај тоа што Претседателот на Врховниот суд се наоѓа на врвот на хиерархијата во судството сепак склопот на хиерархија и моќ на Балканските простори секогаш изродува негативни појави.

Од тие причини цениме дека апсолутно е неприфатливо Претседателот на Врховниот суд по функција да претседава и со идниот Судски совет бидејќи ќе отвориме простор за контрола на судството по два основи, контрола на движење на предмети и контрола на избори и разрешувања, бидејќи ако остане решението Претседателот на Врховниот суд по функција биде и претседател на Судскиот совет заедно со оние 8 судии кои ќе членуваат во Судскиот совет и кои ќе се бираат од редот на самите судии поради хиерархиската поставеност на Претседателот на Врховниот суд апсолутно ќе ги има под контрола и ќе ги води изборите и разрешувањата во нему сакани правци.

Без разлика кој и да биде претседател на Врховниот суд, мислам дека ваквото решение нема да не доведе ниту до независност, ниту пак до деполитизирано судство, бидејќи преку него ќе можат да се вршат и политички влијанија и реформите нема да ни бидат успешни.

Затоа, многу е важно предлагачот, еве до крајот на расправата по овој амандман, да размисли и да ги прифати предлозите на опозицијата односно амандманите кои сме ги поднеле, за да можеме да овозможиме солидна уставна основа за она што сите го посакуваме, а тоа е независно судство.

Понатаму, во делот, ние сме на мислење дека членовите на Судскиот совет се надлежни и најповикани сами да одлучат кој ќе претседава со нивниот совет односно тие да си го избираат претседателот на Судскиот совет, за што и сме поднеле амандман. Само во такви услови, со такви решенија ќе можеме да очекуваме реформите да се движат во посакувани насоки.

По однос на делот каде што двајца членови на Советот ги именува претседателот на Република Македонија, значи веќе беше прифатен амандманот во делот претходно односно амандманот 22 до кој дојде до измени и се остави сега правото само она предлагање од страна на претседателот, а Собранието да ги избира тие членови на Судскиот совет, што ќе воспостави баланс и контрола меѓу самите власти и нема да остави простор на затворање на властите и изолација на една од друга. Јас мислам дека овој дел од амандманот сега соодветно на прифатениот веќе амандман од опозицијата во амандманот 22 и овде ќе дојде до измена.

Имаме поднесено амандмани по однос на донесување на законот за Судски совет. Кога би се прифатиле решенијата кои ги нуди опозицијата во делот на составување на Судскиот совет и неговите членови, многу ќе остане значајно прашањето за тоа како ќе се носи законот за Судскиот совет. Ако оставиме простор законот за Судскиот совет да се носи со обично мнозинство, тогаш оставаме простор со промени на политичките гарнитури, со обезбедување на мнозинство многу брзо доаѓа до промени на законската регулатива, за што цениме дека ќе се воведе практика на нестабилен Судски совет, кој пак понатаму ќе се рефлектира во целото функционирање на судството.

Затоа, сме поднеле амандман, аналогно пак на тоа дека и Законот за организација на судовите се донесува со двотретинско мнозинство, аналогно на тоа е потребно и законот за Судски совет да се носи со двотретинско мнозинство, за да се обезбеди поширок консензус во Парламентот при носењето на таквиот закон. Решенијата претходно да се испеглаат меѓу сите политички субјекти во Парламентот и со квалифицирано мнозинство да се донесат, за да обезбедат стабилност во работењето на Судскиот совет и да елиминираат секакви влијанија од типот на брзо менување на законските решенија што понатаму ќе се рефлектира во работењето на судството.

Очекувам, навистина очекувам дека предлагачот ќе ги прифати поголемиот дел на амандманите од опозицијата и крајно ќе дојдеме до едно соодветно избалансирано решение, што ќе ни овозможи да го отвориме процесот на реформа во делот на независност на судството, онака како што го отворивме и создадовме уставна основа во делот на ажурност на судството.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Повелете господине Рамадани, имате збор.

**Исмет Рамадани:** Благодарам господине претседател, почитувани колеги, почитувана госпоѓа министер.

Амандманот 28 предложен од страна на Владата во точката 1 добро почнува и вели дека Судскиот совет ќе биде независен орган и ја гарантира таа независност и самостојност и независноста на судството во целина. Но, се разбира, дека одејќи малку подолу и читајќи го овој предложен амандман од страна на Владата и покрај тоа може да констатираме дека не се гарантира некоја независност така како што ова го вели точка 1 или првиот став од овој амандман. Со самиот факт дека се предлага претседателот на Врховниот суд истовремено да биде и претседател на Судскиот совет, ова не дека не ја гарантира независноста на овој Совет во функционирањето, туку ќе имаме и дуплирање на функции, значи претседател на Судски совет и претседател на Врховниот суд.

Вистина е дека меѓу време расправавме во многу други органи и во уставната комисија и други комисии, според тоа што е кажано, сега е постигнат еден вид компромис, значи претседателот на Врховниот суд да не биде истовремено и претседател на Судскиот совет. Тоа да биде така што тој да биде само еден од членовите на овој Судски совет. Но, овде треба да продолжиме уште малку. Треба на еден начин или сега или со закон да се уреди доколку евентуално претседателот на Врховниот суд е и член на Судскиот совет и бидејќи претседателот на Судскиот совет се избира од редовите на судии, значи на тие 15 членови кои ќе бидат во овој Совет, тогаш постои теоретска можност со некое мнение однадвор претседателот на Врховниот суд, да биде и претседател на Судскиот совет. Доколку вака се случи, тогаш е добро да се предвиди механизам, ако евентуално претседателот на Врховниот суд како член на Судскиот совет, се избере претседател на Судскиот совет автоматски да му се укине мандатот односно функцијата на претседател на Врховниот суд и на Врховниот суд да се избере нов претседател.

Исто така, преоѓајќи ги другите мандати направено е едно подобрување во амандманот 28 сега на претседателот не му се овозможува да именува двајца членови за Судскиот совет, туку тие треба да ги предлагат и ги избира Парламентот. Ние овде како политичка партија до некаде го поздравуваме ова, бидејќи Парламентот не е толку маргинализиран за да одлучува, колку што беше претходно, значи да ги избира само тројца од судиите, туку и овие предложени од претседателот на државата на

еден начин да одлучи Собранието за пет идни судии, иако ова ќе го направи на индиректен начин, бидејќи предлогот е од страна на претседателот на државата. И, тоа што се интервенира од наша страна преку амандман, кој сигурно ќе се прочита малку подоцна, ние и понатаму мислиме дека министерот за правда не треба да биде член на Судскиот совет, додека се дополнува или на еден начин дополнува тоа што ние инсистираме и претседателот на Врховниот суд да биде само член на Судскиот совет. И, овде, понатаму се разбира можеби ќе оставиме малку зборови за да интервенираме со другиот предложен амандман од страна на Владата, каде исто така ќе интервенираме преку амандман, за да го заокружиме механизмот односно Бадинтеровиот принцип, кој според нас и овде треба да дојде до израз кога претседателот на Судскиот совет се избира од 15 членови на овој Совет. Значи и тука да ја имаме можноста односно да се даде можноста во одлучувањето т.ест. да се одлучува со Бадинтеровиот принцип, каде што ќе гласа мнозинството членови на Судскиот совет кои не им припаѓаат на мнозинскиот народ.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рамадани.

Од пријавените дали има некој за реплика или сите се за дискусија?

Продолжуваме понатаму со работа.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Сосема накратко да го искажам нашиот став и нашето размислување по однос на амандманот 28. Уште во претходната фаза кога ги разгледувавме уставните амандмани, единствена начелна согласност имавме за потербата од промена на Уставот, заради промената на функционирањето на Републичкиот судски совет. Од тие причини гласавме за потребата од донесување на промени на Уставот во делот на промена на поставеноста на Републичкиот судски совет. Сметаме дека амандманот 28 е столбот на реформите во судството и треба многу сериозно да се размисли и после оваа расправа и во текот на расправата како ќе се обликува овој амандман со одредбите во него, се со цел да обезбедиме вистинско независно функционирање на судството во Република Македонија.

Кои се нашите забелешки по однос на амандманот 28?

Најпрвин ќе се осврнам на ставот 3 кој што зборува дека по функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда. Премногу врева се крена во јавноста за членувањето односно по функција на министерот за правда, на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, јас ќе се обидам да не ги повтарам досегашните аргументи, туку нашите размислувања зошто сметаме дека не треба воопшто, значи не само да не биде претседател претседателот на Врховниот суд на Судскиот совет, туку воопшто да не биде член и претседателот на Врховниот суд и министерот за правда. Најпрвин сметаме дека не треба, значи по функција, тие да бидат членови на Судскиот совет. Постојат три причини за ваквото решение: Ако претседателот на Врховниот суд биде претседател на Судскиот совет тој па и член на Судскиот совет, фактички се наоѓа во конфликт на интереси бидејќи СУдскиот совет ги избира и ги разрешува, помеѓу другото и претседателите на судовите, нели, во државата, вклучувајќи го и Врховниот суд. Е, сега кога ќе дојде да се одлучува во Судскиот совет за претседателот на Врховниот суд, јас не знам какво ќе биде тоа независно одлучување и да се оттргне, односно да не учествува на таа седница претседателот на Врховниот суд или да се изземе од работата, сепак, неговата сенка и неговото влијание врз судиите на Судскиот совет е очигледно и не може да се избегне бидејќи интерес на претседателот на Врховниот суд е повторно тој да биде избран или пак да не биде разрешен доколку биде покрената постапка. Исто така, самите судии зависат од претседателот на Врховниот суд, значи членовите што се во Судскиот совет, бидејќи за нив или за нивната работа или понатаму за нивното разрешување мислење дава повторно претседателот на Врховниот суд. Значи, претседателот на Врховниот суд се става во нееднаква положба во исто време со сите други претседатели на судовите во државата.

Понатаму, повторно ќе спомнам дека претседателот на Врховниот суд негативно влијае врз автономијата и интегритетот на другите судии, членови на Судскиот совет во нивната работа, сметаме дека ја нарушува самостојноста, им го нарушува интегритетот во работата, заради тоа што не може да се исклучи фактот дека тој е на чело на судската пирамида во државата и сите други судии се наоѓаат подолу од неговата позиција. Ако судиите и нивната работа и нивното разрешување, и, нели, вклучително и именувањето, зависат сепак од тоа какво мислење ќе даде претседателот на Врховниот суд иако не е обврзувачко, значи очигледно е влијанието на претседателот на Врховниот суд врз судиите на Судскиот совет.

Исто така, треба да се земе во предвид и фактот дека Судскиот совет секогаш може да даде мислење за работата, стручноста, одговорноста на апелационите и основните судови и тоа претставува аргумент плус кој говори во прилог на тоа дека претседателот на Врховниот суд не треба да биде присутен таму. Да не зборуваме за преголемата акумулација на моќта, тоа веќе многу пати досега го истакнавме, кои се функции во рамките на судството ги извршува претседателот на Врховниот суд и од тој аспект мислам воопшто не се потребни повеќе објасненија, бидејќи скоро од сите пратенички групи беше укажано на истото а и јавната расправа укажа дека еден човек не

може со успех да ги извршува сите функции со кои што сега нели, тој се среќава, односно ги извршува.

Во однос на министерот за правда, сметаме дека исто така и министерот за правда треба да отпадне, односно да не учествува во работата на Судскиот совет по функција, бидејќи тој припаѓа на извршната власт а дефиницијата која што е дадена во првиот член, се вели дека Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството. Значи, тој е орган на судството а внатре имаме министер за правда кој што припаѓа на извршната власт. Преку министерот за правда директно се внесува влијанието и политиката на извршната власт при изборот и разрешувањето на судиите. Особено пак, ако се усвои решението со кое што судиите на Судскиот совет имаат само еден глас повеќе од сите други претставници кои што ги, нели, избира Собранието односно парламентарното мнозинство и претседателот на државата и овој однос од 8 наспрема 7 многу лесно може да биде пореметен и тоа не ја гарантира безбедноста, односно независноста во носењето на одлуки во Судскиот совет.

Во исто време, сметаме дека се воведуват и двојни стандарди во Уставот, со тоа што имаме уставни одредби што сметаат дека функцијата на судијата  е неспоива со вршење на друга јавна функција. Предмалку се направи измена на членот 100 став 3 каде што јасно беше кажано, укажано на тоа дека се неспоиви функциите  на судијата со друга јавна функција, меѓутоа, сега се направи промена со амандманот 27 и се вели дека ќе се дефинираат кои се тоа јавни функции со закон. Ако однапред се сметало на тоа дека членството во Судскиот совет не претставува извршување на некоја висока функција во рамките на судството, тогаш значи со намера е дадена оваа одредба во точка 2 од амандманот 27 да се заобиколи сегашната позиција, односно двојството на функции.

Во моментов, според Уставот, така како што е дефинирано во член 100 став 3, имаме двојност на функциите, значи имаме двојни стандарди, значи функција судија, се вели дека е неспоива со друга јавна функција, меѓутоа ако остане ова решение што сега е дадено, тогаш имаме навистина вршење на две функции, освен ако со закон не се утврди дека членувањето на Судскиот совет, значи член Судскиот совет не е некоја функција во рамките на судството, или јавна функција во државата. Од друга страна пак и членувањето на министерот за правда во Советот, се противи на членот 89 став 5 од Уставот на Република Македонија, според која одредба функцијата министер се вели дека е неспоива со вршење на други јавни функции и професии. Како тогаш министерот за правда ќе ја извршува и функцијата министер и функцијата член на Судскиот совет, доколку, повторно ќе кажам самата промена на амандманот 27 не оди во правец на тоа со закон да не биде дефинирано дека членувањето на Судскиот совет е јавна функција и тогаш веќе ќе немаме дуплирање на функции, бидејќи со закон не е кажано дека тоа не е јавна функција.

Исто така може да ни се случи, со тоа што во ставот 5, 6 ставот 4 се упатува на тоа да се води сметка од предлозите да има определен број припадници на заедниците, кои не се мнозинство во Република Македонија. Сметаме за потребно дека мора да укажеме на фактот што може да ни се случи, не мнозинските заедници во одреден момент да формираат супремација во членството на Советот, бидејќи тројца членови се избрани од судиите, имаме од мнозинските етнички заедници, еден предложен од претседателот и доколку, тројца што се избираат во Собранието, со користењето на Бадинтеровото мнозинство, бидат од немнозинските заедници и ако претседателот на Врховниот суд, исто така припаѓа на немнозинските заедници, заедно со министерот за правда, тогаш во одреден момент од немнозинските заедници може да се формира мнозинство во Советот, од немнозинските заедници. Значи, само укажувам на фактот дека не треба да има стравување од страна на помалите етнички заедници во Република Македонија, од мајоризација, бидејќи таква можност, според сегашната поставеност на амандманот 28 ја има и за мнозинската етничка заедница.

Понатаму, во став 7 се вели дека претседателот на Советот, нели е претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Мислам дека овде ќе наидеме на разбирање од Владата, целосно да се брише овој став и наместо претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, да биде претседател на советот, според укажувањето на Венецијанската комисија, претседателот на советот треба да си го бираат самите членови на советот, а не да се остава да се уреди со закон, начинот на избор на претседателот.

Како пратеничка група, заедно со Либералната партија, имаме доставено амандмани во тој правец и сметаме дека нудиме подобро решение, претседателот на советот да си го бираат самите судии, од редот на членовите на Судскиот совет.

Во ставот 8 се зборува дека членовите на советот што ги избира Собранието на Република Македонија, односно што ги именува претседателот на Република Македонија, се од редот на универзитетските професори по право, адвокатите и другите истакнати правници. Нагласувањето, односно дефинирањето на универзитетските професори по право и адокати за членови на советот, што ги избира Собранието, не само што е спротивно на член 23 од Уставот, каде јасно се вели дека секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции под одредени услови, туку оваа одредба воведува привилегија што за било кој Устав е неприфатлива и овде треба да се размисли да се обликува текстот на овој став малку поинаку.

И една од последните забелешки што ја имаме на постојниот текст на амандманот, а во наредната фаза на разгледување на амандманите и по текстот на амандманот ќе ги кажеме решенијата кои ги нудиме со нашите амандмани, меѓутоа, така како што е поставен ставот 10, каде се вели дека условите и постапката за избор, именување, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на советот, се уредува со закон, мислиме дека таква одредба сериозно треба да претрпи промени и во овој уставен амандман задолжително да биде ставено мнозинството со кое се одлучува при носењето на законот за судскиот совет, бидејќи не сакаме да ни се случи, како држава сега зборувам, без оглед кој утре ќе биде на власт, при секоја промена на власта да се менува законот за Судскиот совет, согласно волјата на политичката елита, на политичката гарнитура која е на власт и да предизвикуваме нестабилност во функционирањето на Судскиот совет, а со тоа и на целосот судство во Република Македонија. Од тие причини бараме наместо со обично мнозинство, задолжително овој закон да се носи со двотретинско мнозинство. Тоа значи дека неопходно е потребно да се постигне поширок консензус помеѓу политичките партии кои се во Парламентот, да се почитуваат ставовите и на опозицијата, за да се направат било какви промени во Законто за судскиот совет.

Од тие причини, почитувани дами и господа, очекуваме сите овие забелешки кои ги искажавме, да бидат разгледани и да бидат прифатени од Владата на Република Македонија, меѓутоа и од парламентарното мнозинство, доколку навистина сакаме да изградиме еден независен судски систем, бидејќи целта на реформите, пред се ни е тоа, независно судство.

(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија )

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Три минути реплика за пратеникот Јанаќи Витановски.

**Јанаќи Витановски:** Благодарам потпретседателе.

Мислам ова се познати ставоти на колешката Силвана Бонева и ВМРО ДПМНЕ.

Јас ќе зборувам за овој амандман но повеќе ќе зборувам околу двете прашање за кои имаме различни гледања. Тоа е, по функција, членови на Советот да бидат претседателот на Врховниот суд на Република Македонија  и министерот за правда.

Сметам дека Судскиот совет на Република Македонија, не е суд. Тоа е совет, а советот не е суд и дека тој е независен и самостоен огран на судството кој треба да ја чува независноста на судството.

Во однос на дилемите од тоа дали претседателот на Врховен суд да биде член, или претседателот на Судскиот совет и дали да членува министерот за правда, јас мислам дека предложенотот решение за составот на Државниот судски совет е во функција на самостојноста и независноста на судството, а со огед на тоа што во Советот ќе доминираат судиите односно од петнаесет члена ќе имаме осум члена на судии. Мислам, во еден таков однос, министерот за правда и претседателот на Врховниот суд, со своето членство во Советот, мора да придонесат за подобрување за положбата на судството, од една страна, што претседателот на Врховниот суд, како нај авторитетна личност во судството, министерот за правда како единствен преставник на извршната власт во Советот, треба да го обезбедат потребниот биланс на сите власти кои се застапени во Советот. Мислам дека министерот за правда треба да остане член на Судскиот совет, со огелд на надлежноста на министерот во делот на правосудната управа и подготовката на законите од областа на судството. Тој со својата функција секогаш ќе ги штити интересите на судството.

Што се однесува на претседателот на Врховниот суд и неговото членство во Советот, сметам дека тој како претседател на највисокиот суд на Република Македонија, треба исто така да биде застапен во Судскиот совет на Република Македонија. Иако има авторитет, јас сметам дека тој не ќе може да го наметне своето влијание во однос на останатите 15 судии. Тоа, дали да биде тој претседател на Судскиот совет на Република Македонија или да не биде, можно е и решение што го предлагаат тие, претседателот на Судскиот совет да си го избираат тие самите, тоа што го зборував и во Комисијата. Но, неоспорно е учеството и на претседателот на Врховниот суд да биде член на Судскиот совети и министерот за правда да остане член на Судскиот совет со право на глас.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Не слушнав дополнителни аргументи во прилог на тезата дека министерто за правда и претседателот на Врховниот суд треба да останат членови на Судскиот совет, од почитуваниот колега. Навистина, не може да не убеди дека претседателот на Врховниот суд нема да има влијание врз судиите во Судскиот совет, кога, како што кажав разрешувањето, па и именувањето, меѓута за нив е интересно и разрешувањето и оценката за нивната работа, зависи од мислењето кое го дава пратседателот на Врховниот суд, што не мора, меѓутоа се почитува. Значи, сепак, зависат тие од волјата на претседателот на Врховниот суд. Соодносот од 8 : 7, не гарантира независност на судиите кои се членови на Судскиот совет и независност во нивното одлучување.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Се разбира дека овој амандман е суштината на целата реформа во правосудниот систем и затоа тој предизвика толку многу полемики и спротиставени ставото меѓу позицијата и опозицијата.

Јас ќе се потрудам да не се повторувам со она што го кажаа претходните дискутанти во оснос на амандманот 28. Меѓута, ќе кажам дека, или ќе потсетам дека со овој амандман се регулира составот на идниот Судски совет во кој треба да има застапено различни членови и тој треба да брои 15 члена.

Според предлогот на Министерството за правда, по функција треба да влезе министерто и претседателот на Врховниот суд, тројца членови од страна на Собранието избрани, двајца членови предлага Пратседателот на Републиката, а ги избира Собранието, 8 члена од редот на судиите треба да членуваат во овој Судски совет, а претседател на целата оваа дуржина треба да биде претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

Она на што сакам да укажам, почитувани колеги, се неколку елементи. И според моето размислување, претседателот на Врховниот суд не може да биде претседател на Судскиот совет. Еве ќе образложам од кои причини.

Дел од причините, или она што мислев го кажав на Комисијата за уставни прашања, а за некои од колегите кои не беа присутни таму, ќе повторам.

Претседателот на Врховниот суд, по функција, во моментов е претседател на Судскиот буџетски совет, претседава со седум совети во Врховниот суд, претседател на Комисијата за полагање на правосуден систем и згора на тоа треба да биде претседател на Судскиот совет кој во иднина ќе ги избира претседателите на основните и апалационите судови и до колку има реформа во самата организација на судовите и некои други судови, а ќе дојде ред да се избира и самиот претседател на Врховен суд како функција, од страна на Судскиот совет. За да не му создаваме на човекот непотребно наталожување на функциите и да не бараме од него да биде супермен, сметам дека тој како претседател на Врховниот суд, не треба да биде и претседател на ова тело кое е наследник на сегашниот Републички судски совет, а знаевме каква работа вршеше, или поточно квази работа вршеше. Републичкиот судски совет во овој изминат период.

Понатаму сакам да укажам на она што го кажував и во првата фаза и во втората фаза, а тоа е дека, претседателот на Собранието не е тука, инаку тој процентиуално ќе пресмета колку од припадниците на заедниците не се мнозинство во Републиката се членови на овој иден Судски совет или ќе бидат членови на Судскиот совет. Јас се прашувам зошто критериумот припадност на заедницата ќе го ставаме секогаш над критериумот стручност и компетентност кој се бараше и кој беше вграден во некој од предходно донесените закони не од министерството за правда, меѓутоа од другите министерства. Меѓутоа ние овде го потенцираме упорно принципот на припадност за заедниците, го дефинираме, го ставаме на еден уставен основ кој веќе со амандманот 6 од Уставот е имплементиран во нашиот највисок уставен акт, правен акт во Република Македонија. И сега упорно во овој амандман во 10 или 11 ставови, тројца членови од припадниците на заедниците кои не се мнозинство, тројца членови на оние кои ги избира Собранието, пак се припадници, еден од оние што ќе ги предлага Пратседателот на државата е повторно припадник на заедницата. Незнам зошто мора да постои таков критериум, ќе повторам значи, ако веќе го имаме имплементирано Уставот, зошто да го немаме критериумот стручност и компетентност наместо критериумот припадник на заедницата. Иако во ставот 8, се вели дека членовите на Советот кој ги избира Собранието се од редот на универзитетските професори по право, адвокатите и другите истакнати правници, и овде не е потенцирано, стручноста и компетентноста на кадрите. Но, пожитувани колеги, ако веќе сакаме да правиме коренита реформа на правосудниот систем, ние мораме да внимаваме на кредибилитетот на кадрите кои ќе бидат членови на овој Судски совет. Тоа особено мора да ни биде прв критериум во изборот и составот на Судскиот совет. И затоа апсолутно сум против критериумот припадност на заедницаите кои не се мозинство во Република Македонија. Не може да правиме ние такви реформи какви што се бара од нас. Прво и прво ние треба да си сакаме да си правиме реформи, не само да спроведуваме нечии директиви и да хармонизираме законодавство. Значи, на нам прво ќе ни треба реформите, а после да се покажеме колку сме ние хармонизирани со Европска Унија и дека таму на крајот од краиштата треба да одиме. Ова не случајно го поставувам прашање и тоа од аспект на прифаќање на реформите на самите судии кои ќе учествуваат, а овој орган, или овој амандман се однесува токму на клучниот орган кој понатаму ќе ги избира сите судии, независно на кое ниво се наоѓаат. Но истовремено тоа е од значење на граѓаните бидејќи крајните резултати од спроведување на реформите треба да ги видат и граѓаните.

И сега, ако реформите или составот на овој Судски совет го довериме на луѓе кои на ваков или онаков начин учествувале во до сега така наречени реформи, што очигледно не постигнале соодветен ефект или се без резултат, ако како носители на овие реформи, вклучително и членовите на Судскиот совет, независно дали се од редот на судии или се од редот на истакнати универзитетски професори по право, адвокати или истакнати правници, како експерти и од чии досега експериментирања ние едноставно не видовме ништо позитивно, па затоа и ги правиме

овие реформи во судството, тогаш, ако така им ги довериме, што го вклучува и начинот на избор на членовите на Советот, тогаш дефинитивно ние не сакаме реформи во оваа сфера, посебно во оваа сфера и сакаме да се залажуваме и да живееме во некој имагинарен свет. Затоа ја предупредувам Владата и ја предупредував и во претеходната фаза да не заглави Република Македонија, преку ваквиот амандман, со погрешни луѓе, на погрешно место и во погрешно време. Како што ми изгледа и она што се предлага со овој амандман, затоа имаме 6 амандмани на овој амандман од Владата, сметаме дека нема да бидат постигнати оние клучни реформи на кои понатаму ќе се гради толку посакуваната независност на судството.

Понатаму, она што беше различно во однос на втората фаза е тоа што мандматот на избраните и именуваните членови на Советот трае 6 години, со право на уште еден избор. Во претходната фаза не беше прецизиран мандатот, дали може да им се продолжи или останува само на 6 години, додека во овие Предлог-амандмани се дава можност на еднаш избран член на Судскиот совет 12 години да биде член на Судскиот совет.

Тука доаѓаме до второт прашање или до втората дилема што се јавува, а тоа е затворањето или опасноста , што и самото Министерство го укажуваше и во првата и во втората фаза, од затворање на тој тесен круг судии кои ќе учествуваат, независно, судии, членови на Судскиот совет од кои сепак 8, мнозинството од нив, се од фелата на судиите. Постои реална опасност од затворање на тој тесен круг на судии кои сами ќе се избираат, разрешуваат преку, ќе најдат механизми како сето тоа да се стори. Имаме долгогодишно искуство. При што, постои опасност директно да се смени курсот и правецот по кој се движи нашата земја, меѓутоа во лоша насока. Се укажуваше на корупција и на бирократизираност на овој највисок орган. Како укажување биеше од страна на Министерството за правда дадено, дури и како пример Република Бугарија со нејзиниот највисок орган што е пандан на овој Судски совет што се предлага да биде со ваков состав, каков што е.

Она што сакам да го потенцирам, а го кажаа и другите колеги, тоа е 2/3 мнозинство, односно условите и постапката за избор и именување, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот да се уредат со закон. Нашиот амандман се однесува на тоа дека овој закон треба да биде донесен со 2/3 мнозинство гласови. Се согласувам дека треба да биде така, се согласувам со аргументите што ги дадоа колегите во однос на поширок консензус кога една ваква појава за корумпираност на судството е дефинирана и детерминирана по сите вертикали, и по хоризонтала и по вертикала. Значи, за да се постигне краен ефекјт, мора да се има поширок консензус. Затоа е потребно 2/3 мнозинство.

Втората причина ја наведоа претходните дискутанти, а тоа е да не се дозволи секое идно парламентарно мнозинство да може да манипулира со измените на законот за судовите и сето она што се однесува на реформата во правосудниот систем.

Третиот аргумент, ние Законот за државните службеници го донесовме или се донесува со 2/3 мнозинство. Не ја гледам логиката зошто овој закон со кој што се уредува постапката за разрешување и уредување на судии на Судскиот совет да не биде со 2/3 мнозинство, кога државните службеници, дел од јавната администрација, зошто тогаш да не биде ова што е темел на целокупната реформа, да се донесе со 2/3 мнозинство.

Ќе повторам, ние како ВМРО-Народна партија сметаме дека вака предложен амандман од страна на Владата нема да ги оствари позитивните ефекти што се бараат заради реформи во правосудниот систем, коренити, да се разбереме коренити реформи во правосудниот систем. Од тие причини, ќе повторам, колегата Жарко Караџоски поднесе 6 амандмани токму на овој амандман од Владата. Гласањето ќе зависи од прифаќањето на Министерството за правда, овие амандмани што сметаме дека се клучни за, ќе повторам, за коренити реформи во правосудниот систем. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Дали има пријавени за реплика, од пријавените во меѓувреме?

Нема.

Има збор пратеникот Манев Ефтим.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам потпретседателе.

Во однос на Амандманот 28 на кој што сум потпишан и јас на неколку амандмани за истиот текст, би сакал да го кажам следново:

Нема да се разликувам скоро во ништо од тоа што го кажаа претходните дискутанти. Би сакал во една пократка форма да укажам дека поддржувам таквите дискусии и сметам дека на ставот 1, точка 3, каде што се зборува дека претседателот на Врховниот суд и министерот за правда се по функции членови на РСС, сметам дека нема такви оправдувања, со што би дошле до едно убедување дека тоа едно е потребно. Туку, напротив, таквото нешто укажува дека на некој начин избегнуваме да имаме, навистина, независно судство, за кое нешто, воглавно, барем измените на Уставот во овој делј се токму на овој член, каде што ја дефинира таа независност.

Не ја гледам потребата зошто претседателот на Врховниот суд по функција да биде член на Судскиот совет, кога знаеме дека во голем дел, барем во функциите и надлежности што ги има Судскиот совет, во голем дел се бара мислење и препорака на Врховниот суд, каде се потпишува самиот претседател на тој Суд и по однос на

избор на судии и по однос на разрешување на било кој судија.

Тогаш, од една страна има потпис од претседателот на Врховниот суд да биде разрешен еден судија, а од друга страна претседава со Советот и за уважување на тој предлог. Од тие причини сметам дека треба да се растовари од таквите проблеми и наметнување на еден човек повеќе функции, едноставно кажано да биде и обвинител и судија во иста состојба по одреден проблем, по одреден судија.

Уште повеќе, не знам кои се причините да биде и министерот за правда член на овој Совет. Што е тоа што не тера денеска, кога сакаме судството да биде што понезависно, издвоено од извршната власт, издвоено од Парламентот, од законодавната власт, а сакаме министерот за правда да биде член на тој Совет. Што е тоа? Министерот за правда има ингеренции како министер за правда, кои се неговите овластувања во работата на судството? Тој може многу повеќе да придонесе како министер, со укажување, со барање да решава одредени проблеми Судскиот совет, одколку тој да биде член во тој Судски совет и колку ќе успее таму да се наметне или не, тоа е друго прашање. Во некои случаи може ќе може, а во некои случаи баш ништо не ќе може. Затоа сметам дека на овие две функции не им е местото да ја имаат и функцијата член на Судскиот совет.

Тое е едното мое видување за што сметам дека треба Министерството за правда малку повеќе да размисли, ако треба консултации со премиер, со било кого и позицијата во целина, да изоценат дека таквото нешто не води кон тоа да имаме тотално независно судство или што понезависно, за кое нешто ги правиме реформите.

Точката 7 ја поврзав со оваа точка 3, а забелешките на точката 8, што ја спомнаа сите претходни дискутанти, дека предлагањето тројца членови, односно два члена од страна на Претседателот, а да бидат од редот на истакнати професори на Правниот факултет, истакнати адвокати, истакнати правници. Мислам дека недостасува еден додаток, не знам дали има амандмани во тој дел, сепак тие личности треба да бидат познавачи на судската работа. Можеби адвокатите ја познаваат. Не знам кои се тие истакнати правници, може да се истакнати во било која сфера, а во судството да не се истакнати. Исто така и професори од Правниот факултет сите доволно не ја познаваат судската работа. Има 35-36 предмети на Правниот факултет кои многу малку имаат допир со судската работа. Ако се работи за професори кои предаваат, се доктори на наука, постапките дали Законот за парнична или кривична постапка, управна постапка, да се блиски до судството, инаку има предмети што ни трунка не се билиски до судството, а сме ги учеле ние, барем кои сме правници овде и за тоа треба во тој дел да дефинира токму такви луѓе, што ја познаваат работата во судството .

Од тие причини, како би можеле да гласаме по овој амандман, сметам дека предлагачот уште еднаш треба да ги поразгледа предложените амандмани од пратениците од опозицијата, во целина, што сметам дека се и те како корисни и поправични од тоа што е предложено со Амандманот 28. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Има збор пратеникот Ќахил Аднан.

Повелете господине Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Благодарам.

Министре, пратеници, потпретседателе,

Денеска дискутираме за уставните измени и за Амандманот 28. Би сакал да кажам неколку наши видувања, укажувања на Пратеничката група на земјоделската партија и Партија за движење на Турците на Македонија, во врска со овој амандман, затоа што сметаме дека предложените решенија не се баш добри, иако законот во целина е за поздравување. Има многу добри исчекори, многу добри решенија, но ако се направи напор да се прифатат сугерирањата од страна на опозицијата во врска со решенијата, особено во овој амандман, мислам дека законот ќе биде уште покомплетен. Но, досега видовме дека голем дел од амандманите не се прифатени, а одговорноста останува на предлагачот во иднина да види дали тие може да ги инкорпорира во секојдневниот живот, во уставните решенија.

Предложеното решение во Предлогот на амандманот 28 во Уставот на Република Македонија, во точка 2-членови на Судскиот совет на Република Македонија по функција се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда. Отвора простор, длабоко сум уверен за политичко влијание врз органот што треба чувар на независноста и самостојноста во судството.

Тука ќе застанам, затоа што 2002 година истата оваа гарнитура укажуваше дека има двојни функции на некои луѓе од претходниот состав, кои беа затечени на функции, беа членови на некои управни одбори, на некои ад хок комисии, едноставно ги отстранија, затоа што имаше двојност на функции. Би кажал со право, затоа што се согласивме во тој период да нема двојност на функции, да имаме пратеници без пратеници, министер без министри, член на управен одбор без членови на управен одбор, едноставно да имаме ситуација каде секој ќе си договара за својата функција. Удвојувањето на функциите очигледно претставува кршење на тие принципи, за кои што се залагавме.

Дилемата произлегува, пред се, од тоа што присуството на министерот за правда, како член по функција, ќе го доведе Судскиот свет во зависна положба од извршната власт, особено од зголемено влијание на извршната власт врз сите прашања поврзани со судиите. Имено, ваквиот предлог за состав на Судскиот совет не ја гарантира неговата независност од извршната и

законодавната власт, поради тоа што сите прашања поврзани со статусот на судиите, избор, разрешување, одлучување за напредување во кариерата, оценка на работата на судиите, одлучување за целинската одговорност и итн, што доверени како надлежност на овој орган ќе бидат разрешувани од тело во кое има дел од извршната власт, претставена преку министерот за правда.

Слободно може да истакнеме дека Судскиот совет формиран на ваква основа, лесно може да се замисли состојба во која Советот, во своето делување, служи како инструмент, т.е. средство со помош на кое извршната власт го врши своето влијание врз судската власт. Тоа, декларативно, никој не сака. Не сакаме тоа да го направиме.

Сметам дека опасностите што би можеле да произлезат од чисто судски состав на Советот се надминати со решението што е предложено во точка 4 и 5, во Советот членови да избираат, односно именуваат законодавната и извршната власт, Претседателот на Република Македонија. На тој начин има влијание. Предложеното решение во Предлогот на Амандманот 28, во точките 2 и 6 да член на Судскиот совет, по функција е и претседател на Врховниот суд на Република Македонија и претседател на Судскиот совет на Република Македонија да е претседател на Врховниот суд на Република Македонија е неприфатливо од повеќе причини. Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија е судија и судската функција ја врши во суд во кој е избран. Тоа е Врховниот суд на Република Македонија.

Во Македонија, досегашните прописи што го регулираат составот на Републлишкиот судски совет не предвидува задолжително учество на судиите во својство на членови на тоа тело. Судиите немаат никакво влијание врз изборот на членови на Републичкиот судски совет. Овој недостаток во важечката регулатива за Судскиот совет се надмина со решението во точката 3. Во нејзиниот состав, дел од членстовот да доаѓа од редовите на судиите, тоа е добро решение, во Република Македонија и гледано бројчано 8 членови да доминираат во процесот на изборот на нови судии, во однос на оној дел на членството што доаќа од законодавната и извршната власт, Претседателот на Република Македонија.

Но, која е интенцијата да се решението предложено во точката 6 во Предлогот на амандманот 28, предложеното решение во однос на член на Судскиот совет, по функција да е претседател на Врховниот суд на Република Македонија и во однос на функцијата претседател на Советот, ја доведува во целина, односно ја доведува на виделина опасноста од кумулација на повеќе функции, што впрочем неколку дискутанти за тоа веќе кажаа:претседател на Врховниот суд на Република Македонија, претседател на Судскиот совет на Република Македонија, претседател на Судски буџетски совет на Република Македонија, претседател на Управниот одбор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, претседател на 9 судски совети во Врховниот суд на Република Македонија и згорра на тоа, исто така претседател на Комисијата за правосуден испит. Верувајте, толку кумулирани функции, толку голема моќ верувајте, ниту еден премиер, па и сегашниот премиер на Република Македонија нема, а кој би требало да ги има.

Тука, очигледно, имаме кумулација на моќ во една личност. Затоа предлагаме и сугерираме да се задржи досегашното уставно решение каде претседателот се избира од членовите на тој орган.

Предложеното решение е проблематично и несоодветно, особено доколку се доведе во врска со решението за неспоивост на функцијата избран и именуван член на Судски совет на Република Македонија со вршењето на други јавни функции и професии, точка 15 од Предлог-амандманот.

И се поставува прашањето, дали од претседателот на Врховниот суд на Република Македонија ќе се очекува да ја напушти редовната судска функција заради вршење на функцијата член на овој совет чиј мандат наспроти трајниот мандат на судијата е ограничен на шест години или ќе продолжи да ја извршува редовната функција на работата и другите функции, но со намален обем. Ако тоа е во корелација и ако знаеме каков е Законот за работни односи очигледно е дека ќе дојде во колизија ваквото решение, тоа треба да се има во предвид.

Покрај тоа, напоменав дека тој е претседател на Комисијата за правосуден испит, потоа мислам дека треба седниците на Судскиот совет да бидат јавни, да има јавност во работата. Сето тоа ќе придонесе да се создаде атмосфера на јавна, на транспарентна работа на судиите, но нашето предложено решение да остане како што е, да нема натрупување на функции, да не треба и да не мора едноставно претседателот на Врховниот суд да биде истовремено и претседател на Судскиот совет затоа што интенцијата е, со право ние предлагаме во Република Македонија, секој да си ја знае својата работа, да нема натрупување на функции, впрочем докажавме и може и понатаму да докажуваме дека за секоја функција во Македонија има кадри кои можат да одговорат на таа функција.

Инаку, ако се прифати ваквото решение некој би можел вака да размислува, во Македонија нема соодветни кадри, па затоа мора да се натрупуваат функции во една личност затоа што нема такви подготвени луѓе, нема едуцирани луѓе кои можат совесно, одговорно и транспарентно да одговорат на својата функција која што им е дадена со Уставот и загарантирана со Уставот, а сето тоа во функција и во употреба на граѓаните на Република Македонија. Впрочем, сите ние почнувајќи од Парламентот, Владата и другите облици на власт и преку медиумите нели се декларираме дека работиме во функција на

граѓаните. Ако е во функција на граѓаните, граѓаните сигурно не сакаат натрупување на функциите, сигурно немаат да дадат допринос да се аминува ваков начин на резонирање.Сигурен сум и убеден ако се прифати решение еден човек една функција ќе имаме многу потранспарентно, поодговорно работење на сите функционери, вклучително и функционерите во судската власт.

Затоа, на крај би рекол нашата пратеничка група Демократската партија, Партија за движење на Турците во Македонија, предлага и сугерира да остане сегашното решение и да се прифатат амандманите од опозицијата, да бидеме компактибилни и да гласаме сите заедно за еден закон, добар, европски кој ќе не води на прагот и во влезот во Европската Унија. Ако продолжите вака, со добрите сугестии, сугестии кои водат кон подобрување на текстот на ваквите текстови на подобрување на системи каде што имаме решение и кои се инкорпурираат во Уставот и ако едноставно игнорантно се однесувавте, мислам дека тоа нема да допринесе кон демократизација на општеството, едноставно ако сме направиле два чекора напред со ова сигурно ќе направиме три наназад во демократизацијата на ова наше општество.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе,

Амандманот 28 за кој што расправаме може да се каже дека е еден од суштинските амандмани во оваа предложена реформа или во овие предложени уставни амандмани со кои што во крајна линија треба да се дојде до самостојност на судската власт, на третата власт. Самостојност се мисли на тоа да се избегне она, политичко влијание за кое што досега трпевме критики со тоа што овој орган треба да прерасне во еден сосема нов орган по различно дефиниран од досега дефинираниот орган во членот 104 од Уставот, од Републичкиот судски совет и не само по бројот на тие членови кои што ќе бидат застапени туку и по се она што овој амандман го предвидува.

Овој амандман треба да претставува значајна новина и може би главната реформа од која што треба да произлезе се она понатаму низ законската регулатива, треба да тргне од овој амандман. И, со право почитувани колеги овој амандман предизвика најголема расправа и во текот на двете фази низ кои што поминаа уставните амандмани до сега и во јавната расправа затоа што можеби, не можеби туку сигурно овој амандман треба да направи нешто ново со кое што изборот и разрешувањето на судиите треба да премине од Собранието на Република Македонија во органот кој што сега се дефинира како Судски совет на Република Македонија.

Овој амандман има доста новини, пред се, првата новина е тоа што тоа што во точката еден на овој амандман се дефинира и самата позиција на судскиот совет за тоа што до сега во амандманот односно во членот 104 од Уставот и не беше некоја јасна позиција на самиот РСС кој што предизвикуваше навистина дилеми каков орган е РСС, дали е тоа дел од судството, е независен орган, е орган кој е издвоен или во рамките на судството итн., итн., и таа негова недефинираност претставуваше проблем во практичната примена кога имавме прилика овде да избираме или разрешуваме членови на Судскиот совет и кога требаше да се постапува по самите нивни предлози.

Амандманот 28 во точка 1, ја прави таа дефиниција на Судскиот совет на Република Македонија што според мене сметам дека е исправна и сметам дека е добро формулирана за да нема дилеми што овој орган всушност претставува. Мора да признам дека точката 1, е новина во однос на досегашните текстови кои што произлегоа и од Нацртот и најголема заслуга за една ваква дефинираност во точката 1 е и она што произлезе од јавната расправа, од многуте забелешки и добро е што Влдата на крајот на краиштата ја прифати вака формулираната.

Што е тоа што можеби предизвика разни размислувања, јас ќе почнам со ред, прво е тоа што судскиот совет на Република Македонија така дефиниран во овој амандман бројчано е определен да брои 15 члена. Беа дилеми ако добро се сеќаваме уште во првата фаза кога ја изгласувавме потребата од измените односно пристапување кон измена на Уставот се наметна дилема колку члена треба да брои судскиот совет како нов орган, така да се поаѓаше од оној број кој што е сега застапен 7 члена согласно членот 104 од Уставот, па до една бројка која можеби до некаде во одредени расправи одеше и до 25 члена во зависност од тоа која земја каков принцип и каква пракса има.

Ние и во нашите уводни излагања и во претходните дебати укажувавме дека преголема бројка, премногу членови во Судскиот совет и не е добро решение за тоа сепак Република Македонија е една мала држава која не може да си дозволи во овој орган да има премногу членови од проста причина што тоа не само што предизвикува и трошоци, но и една покомплицирана работа на самиот орган, а поголемата бројност на членови е сепак својствено за поголеми држави, држави што имаат повеќе жители, на крајот на краиштата и поголемо искуство и парламентарно, но и како држава.

Потоа, се размислуваше дали бројот на членови треба да биде 15 како што е предложен или можеби 11 или можеби 13, се зависи од тоа каков ќе биде распоредот на силите внатре во самиот судски совет. Влдата поаѓајќи од нејзиниот концепт како предлагач прифати овој број да изнесува 15 члена. Јас морам да признам дека

ние како политичка партија, како ВМРО Народна партија бевме на прво стојалиште, значи на прв став бројот од 15 да биде наменлен на 13 од проста причина што сметавме дека доколку амандманот 22 каде што се дискутираше за претседателот на државата кој што треба директно да именува двајца членови во овој Судски совет, имавме една варијанта тој амандман да се избрише и претседателот на државата  ниту да именува ниту да предлага, едноставно да го оставиме на страна од проста причина што сметаме дека е доволно учеството на извршната власт преку министерот за правда кој членува по функција, а за да не бидат зголемени ингеренциите на Собранието на Република Македонија нашето прво стојалиште беше тоа да биде бројка од 13 члена со онаа алтернатива која што ја понудивме во вид нас амандманот 22, каде што претседателот на државата наместо да именува да предлага двајца членови. Со оглед на тоа дека Владата го прифати остануваме сега оној број на членови кој што ни го понуди Владата да остане бројот 15 со таа разлика што во ставот 6 на овој амандман ќе има корекција, ние тоа во амандман го поднесовме и веруваме дека Владата ќе го прифати, значи, Претседателот да именува, да предлага двајца членови со таа разлика што тие двајца кој ќе ги предложи претседателот на државата бидат именувани од страна на Собранието на Република Македонија.

Поаѓајќи од бројката предлагачот се потрудил да направи еден орган, еден совет кој што на некој начин ќе има застапено со сите три власти, значи, пред се, да се даде предност на она и за кое се прават реформите поточно на судиите да бидат најмногу застапени и така е во овој амандман, осум члена на Советот да бидат избрани од судиите од своите редови со тоа што постапката и начинот како тие ќе бидат избрани во тој орган ќе биде уредена со закон за кој што ќе треба овде да се изјасниме. Потоа двајца членови ќе треба да има по функција, едниот од нив треба да биде пртседателот на Врховниот суд и другиот да биде министер за правда. По однос на она што кажав дека осум члена треба да бидат од редот на судиите имаше доста размислувања и во текот на јавната расправа, дали тој број треба да биде осум или можеби треба да биде 10, значи да биде поголем, во секој случај не е ни битно дали ќе биде осум или 10 битно е тоа што од вкупниот број на членови во судскиот совет нивниот број доминира што значи дека по принципот на надлгасување во секој случај го имаат мнозинството и на крајот на краиштата сами ја носат одлуката и за изборот и за разрешување на судиите, значи тие се тие кои што најмногу се присутни и тие се тие кои што најмногу, на крајот на краиштата најмногу ја познаваат проблематиката. Но, во секој случај во целата таа расправа беше поддржан предлогот независно колкав број би требало да изнесува беше поддржан скоро од сите дискутанти.

Една од поголемите дилеми во јавната расправа и овдека кога дебатиравме беше ставот 3 каде што по функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда. Ако за претседателот на Врховниот суд немаше дилеми во смисла на тоа дека тој по функција треба да присуствува заради тоа што сепак тој раководи со највисокиот суд во Република Македонија со самата позиција на Врховниот суд и со самата позиција како претседател на Врховниот суд се претпоставува дека истиот најдобро ја познава проблематиката во судството со оние ингеренции кој што ги има во врховниот суд, така да и логички е оправдано неговото присуство да биде во судскиот совет, меѓутоа, веднаш се отвори проблем дали истиот тој човек треба да претседава со судскиот совет онака како што овој амандман во ставот 7 предвидува.

Нашиот став и тогаш и сега е дека претседателот на Врховниот суд не треба да претседава со судскиот совет на Република Македонија за тоа што тоа е просто збирање на функции или премногу преминување на одредени надлежности во рамките на една личност која што може да доведе до некомпетентно работење, поточно натрупување на обврски на една личност која што очигледно не може да одговори на сето она што е обврска и во самиот Судски совет но и она што значи обврска во Врховниот суд. Ако претседателот на Врховниот суд неговата главна обврска е да претседава со Врховниот суд и неговата главна надлежност е токму во тој суд да ја остварува целата обврска и сите надлежности кои што ги има се поставува прашањето дека тој теоретски и објективно не може да одговори на функцијата претседател на Судскиот совет за тоа што и оваа функција е одговорна и дека со такво претрупување некаде сигурно ќе затаи. Дали тоа ќе биде во рамките на неговото претседавање во Врховниот суд или тоа ќе биде во Судскиот совет, во секој случај ќе биде проблем и заради тоа ние го истакнавме како решение кое не треба да опстојува во овој амандман, за тоа понудивме и амандман и се надевам дека предлагачот ќе го прифати.

На крајот на краиштата кој ќе го бира претседателот на судскиот совет тоа е прашање кое можеби е најдобро да се регулира со закон затоа што во една таква регулалтива кога ќе се носи законот до тогаш и ќе созреат условите и ќе се види на кој начин м оже да претседава со Судскиот совет.

Ако сега пак тргнеме од едно друго стојалиште дали членовите во Судскиот совет треба да ја обавуваат својата функција професионално или не професионално тогаш повторно се отвора проблем дали еден човек кој професионално е вработен во Врховниот суд и како таков ја остварува позицијата претседател на Врховниот суд дали може да биде професионално ангажиран на две работни места. Значи, јасно е дека тука не може, јасно е дека тоа ќе претставува проблем кој

што веднаш имплицира дека членовите на Судскиот совет не треба да бидат професионално ангажирани во рамките на Судскиот совет. Јас морам да потенцирам дека можеби тоа и не е проблем да тие членови не бидат професионално ангажирани меѓутоа одма се поставува друга дилема која беше истакната во јавната расправа дека ако сите членови на Судскиот совет не бидат ангажирано професионално, се поставува прашањето дали и одговорно ќе ја работат таа работа. Односно дали ќе имаат стимула, мотиви и се она што подразбира професионален однос да оваа функција во Судскиот совет ја обавуваат максимално или тоа ќе биде како некоја дополнителна дејност ад хок кога ќе треба да се предлага некој судија или кога ќе треба да се разрешува судија. Но да не заборавиме дека Судскиот свет нема надлежност исклучиво само избори, разрешување на судии туку контролирање и следење на целата работа на сите судии во рамките на судската власт.

Уште една дилема може да се отвори значи ако земеме да размислуваме ќе видите дека многу дилеми се во однос на она што зборувам дали една личност може да биде на две места претседател, значи оваа забелешка која ние ја упатуваме не се однесува на некакви лични квалификации, или лични причини, сепак се поставува како објективна причина за која што треба и вреди да се размисли. Да претпоставиме дека треба да се покрене одговорност кон претседателот на Врховниот суд. Нели. Кој го бира, кој го предлага самиот претседател на Врховниот суд. Сега имаме ситуација кога претседателот на Врховниот суд е избран од страна на Собранието и тој нели си ја обавува таа функција. Би го поставил прашањето што ќе значи кога на тој човек кој сега ја врши функцијата претседател на Врховниот суд во оној момент кога ќе му престане таа функција, или поднесе оставка или поради старосна пензија замине во пензија и треба да се постави нов претседател на Врховниот суд. Кој ќе го постави, нормално, Судскоит совет. Меѓутоа, како може судскиот совет да биде непристрасен и како може да донесе правилна одлука кога со тој орган претседава истиот човек кој што треба да биде, претпоставка, разрешен. Значи, тука ќе се судри субјективниот елемент.

Во овие ситуации кога од оправдани или објективни причини функцијата претседател на Врховниот суд престанува, со старосни години и така натаму, но што би се случило кога претседателот на Врховен суд треба да биде разрешен поради несовесно вршење на функцијата или поради повреда на Уставот и законите, како што е предвидено во Уставот.

И тоа ако треба да го разрешиме од претседател на функцијата, а што ќе се случи ако треба да го разрешиме од судија. Значи, дали Судскиот совет со оној состав кој што го има и со претседавач, претседателот на Врховен суд да претседава и со Судскиот совет ќе донесе компетентна и исправна одлука. Јас ве уверувам дека тоа нема да се случи, затоа што личното влијание колку да сака да биде непристрасен било кој, личното влијание на функцијата претседател, сепак, си носи своја позиција и си носи своја одговорност. Така и ние почитуван претседателе, точно е тоа дека и вие сте еднаков меѓу еднаквите, но сепак сте претседател на Собранието и вашето се слуша последно. Вие го имате тој авторитет нас сите нас и ние тука не смееме да мрднеме. Според тоа, да ја сфатиме така позицијата и на оној кој што ќе претседава со Судскиот совет. Навистина, мора да размислуваме објективно, а не да се поврзува дека еве некој има нешто против сегашниот претседател на Врховен суд заради не знам што и толку запнаа што еве не сака да биде тој човек претседател на Судскиот совет. Значи, таа е дилемата што јас не ја кажувам дека е моја дилема, оваа дилема произлезе од јавната расправа. Можеби толку судиите во таа јавна расправа не дискутираа, плашејќи се од таа хиерархиска поставеност, меѓутоа, многу други личности учесници во таа расправа го кажаа истото што ова и јас сега го кажав. Значи, тоа е едната дилема кога зборуваме по однос на членовите кои што треба да бидат по функција внатре во Судскиот совет.

Втората дилема беше отворена во смисла на тоа дали треба министерот за правда да биде член на Судскиот совет. Јас, исто така, го делам мислењето дека треба, меѓутоа сакам да укажам на тоа дека постоеја големи разлики и не само од учесниците во јавната расправа, туку кај сите оние меѓународни компетентни институции кои што на некој начин имаа свое размислување. Најголем број од нив 90 и повеќе посто беа за тоа министерот за правда да биде член како претставник на извршната власт, за да има некаков сооднос помеѓу властите. Но, таму имаше забелешки дека министерот за правда треба да биде член, без да има право да гласа, па дури во јавната расправа имаше дискусии каде што се одеше во насока дури министерот за правда да не биде член во Судскиот совет. Јас сметам дека министерот за правда треба да биде член во Судскиот совет и не треба да се гледа дека ете министерот за правда е само член на извршната власт, човек кој што е дел од Владата на Република Македонија, туку треба да се гледа малку поинаку од аспект на тоа што е Министерство за правда. Значи, сепак министерот за правда го претставува Министерството за правда како еден ресор, кој во директна надлежност ја има целата онаа проблематика која значи судство, законодавство во делот на судството и се она што значи не само изборна, туку и судска власт на некој начин сите оние закони што произлегуваат, а кои што пак ќе произлезат од сета оваа работа, од овие уставни амандман, што значи дека главниот креатор, главниот, да не речам творец на законите кои што потекнуваат од извршната власт односно Владата, а кога станува збор за судската власт излегуваат од Министерството за правда. И добро

е министерот за правда да биде присутен во судската фела во рамките на тој најнезависен и независен орган како што е Судскиот совет, за да биде директен учесник и за да ги и слушне и презентира сите проблеми кои што произлњегуваат токму од таа фела. За да може преку своите овалстувања како министер во рамките на Министерството да искреира политика која ќе биде соодветна на она што значи права и обврски на судиите и на судската власт. Значи, не можете и не би било правилно да го тргнеме министерот за правда настрана од сета оваа работа, а тој преку својот ресор и преку Владата на Република Македонија да доставува закони кои што имаат допирна точка со судската власт, а воопшто не учествува во рамките на надлежноста на Судскиот совет. Според тоа, неслучајно во многу европски, ако не и во сите европски земји, а ние се стремиме да одиме таму, во рамките на Судскиот совет, можеби таму се вика поинаку, меѓутоа во рамките на еден таков орган, секаде ќе најдете присуство на министерот за правда, па дури има земји кои што се членки на Европската унија, каде што министерот за правда е претседател на самиот судски совет. Во тие земји не значи дека тоа е мешање во судската власт, туку напротив тоа значи дека улогата на Министерството за правда е сепак битна и влијателна во судската власт, а со тоа и одговорноста на оној кој што е таму член и оној кој што претседава.

Од тие причини ние мислиме, пратеничката група на ВМРО-Народна партија смета дека учеството на министерот за правда е оправдано и тоа онака како што е дефинирано и овде. Тоа значи да биде рамноправно со сите останати, што значи и право на глас. Тоа ние не го спориме. Веројатно, овде има пратеници и пратенички групи кои тоа ќе го оспорат, па дури има и амандмани, но за тоа ќе видиме понатаму.

Тоа би било по однос на оние членови кои што се по функци. Сега, спомнав решение за осумте члена на Советот кои ги избираат судиите од своите редови е добро решение, но сметам дека таа реченица во ставот 4 тука треба и да заврши.Значи, понатамошно решение кое што оди во рамките на текстот дека тројцата од избраните членови треба да бидат припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници е текст кој што го оптоварува овој амандман. Ќе кажам и зошто.

Да не се разбереме погрешно, немам ништо против заедниците во Република Македонија да бидат застапени рамноправно и пропорционално онака како што тоа го дефинира овој амандман во рамките на оние осум члена од  судската фела кои треба да бидат членови на Судскиот совет. Значи, немам ништо против, меѓутоа сметам дека текстот на амандманот 28 во ставот 4 е оптоварен, затоа што ова право е веќе решено и веќе е уставна категорија со амандманот 6 на Уставот на Република Македониа, каде што е дефинирано тоа право.

Дозволете ми, претседателе, тој амандман и да го прочитам, затоа што можеби претставува и забуна. Амандманот 6 е последица на оној Рамковен договор кој што е сместен во делот на темелните права во Уставот на Република Македонија и каде што темелните вредности се тука. Амандманот 6 гласи: "Соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа", каде што со овој амандман се дополнува точката 1 алинеја 2 на членот 8 од Уставот на Република Македонија е апсолутно јасен и апсолутно упатува дека таа застапеност треба да биде на сите органи на државна власт и на сите други јавни институции на сите нивоа, што значи и овде во рамките на Судскиот совет. Апсолутно нема потреба Уставот да се оптоварува или шара со ваков текст во секој амандман. Затоа што, ако продолжите понатаму и во амандманот 29, за среќа иста една таква формулација, па и во амандманот 30, за кој што сметам дека не му е место и ништо нема да се постигне ако овој дел до текстот отпадне, ниту пак нешто ќе се добие ако остане, ниту во квалитет, ниту во квантитет. Значи, ако припадниците на заедниците се плашат дека ако не постои едно вакво решение во амандманот 28 дека осумтечлена од редот на судиите кои што треба да бидат членови на Судскиот совет, од кои што тројца од нив треба да бидат припадници на заедниците, нема да се почитува тоа правило, ништо не смета да не се почитува, иако стои една ваква одредба и во амандманот 28. Затоа што, и да стои во амандманот 28 и да не стои, непочитувањето на таквото правило е повреда на Уставот односно на амандманот 6 кој е во темелните вредности на Уставот и која што нешто носи појака позиција на самиот амандман. Според тоа, сметам дека ова решение треба да отпадне, не од суштински, туку од формални приини, за да може текстот да наликува навистина на амандман кој што е составен дел на Уставот.

За оној дел каде што сега овде стои тројца членови од Советот ги избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, а каде што пак тука се оптоварува изборот на тие тројца да биде со Бадинтерово мнозинство, сметам дека е исто така непотребно, затоа што тоа е веќе регулирано. Тоа беше амандманот 10, а бидејќи веќе еднаш е регулирано, нема потреба два пати да се регулира. Значи, истото образложение што и претходно го кажавме и за тоа ние сме поднеле амандмани, за кои верувам дека ќе бидат поддржани, затоа што кажав ништо нема да значи ако ваквиот текст остане, само што ќе биде грдо да се гледа од формален, па и од правен аспект.

Во понатамошниот текст каде што тројца членови на Судскиот совет ќе ги бира Собранието, тој избор како и до сега ќе оди преку Комисијата за

избори и именувања од Собранието на Република Македонија, тука не ми е јасно само на чиј предлог ќе биде. Најверојатно, тоа ќе биде на предлог на Комисијата, од кои еден припадник на заедниците на мнозинство на Република Македонија, мислам дека тоа треба да отпадне. Сега, тие тројца и кога ќе се додадат оние двајца каде што во овој текст стои дека ги именува претседателот на државата, сега тоа мора да биде на некој начин променето, затоа што е прифатен амандманот 22 и бидејќи сега претседателот на државата ќе биде во улога на предлагач и оние двајца членови кои ќе треба да ги избира Собранието на Република Македонија. Бројот на оние членови на Судскиот совет кои ќе ги именува Собранието на Република Македонија вкупно ќе изнесува 5, со таа разлика што предлагачот ќе биде различен. Значи, тројцата ќе ги предлага Комисијата за избори и именувања, орган во рамките на Собранието, каде што ете тука може да се прекршува политичката волја на политичките партии или она кој е во мнозинство и тн., а додека двајцата ќе бидат предлагани од претседателот на државата, каде што како и до сега позната формулација вкупно кога се ќе се собере пет члена Собранието, осум члена самите судии во постапка која ќе биде регулирана со закон и двајца по функција, го дава вкупниот број од 15 члена. Сметам дека на тој начин овој орган ја добива својата позиција во смисла на самостоен орган, затоа што ако на осумте овие члена го додадете и претседателот на Врховен суд, иако е по функција, тој е судија, знаи вкупно судии во рамките на овој орган, ќе има 9, што е значително повеќе од 6, бидејќи и тоа знаи дека апсолутно доминира судската фела и можеме да зборуваме и за самостојност, но и за независност на овој орган. Она што можеби до сега фалеше и она поради кое што сметаме дека овој амандман е толку клучниот амандман, каде што се прави комплетната реформа.

Имам уште само една забелешка. Таа забелешка е по однос на овој текст и е напишана во наш амандман, а тоа е ствот 10 на тока 1, каде што се зборува за условите, постапката за избори и именување, како и основите и постапката за престанок на функцијата за разрешување на член на Советот да се уредува со закон. Нормално, тоа е начин кој што единствено може да се уреди со закон, меѓутоа, ние предлагаме тој закон да биде носен со 2/3 мнозинство од вкупниот број пратеници, што значи комплетно учество и на поголем број политички субјекти застапени во Собранието или што ќе рече опозицијата, за да навистина изградиме комплетна реформа на судската власт. Да не биде само опозицијата аминуваше или даде зелено светло за уставните амандмани, ама клучната реформа, сепак ќе се одвива во овие законски текстови, а токму вонив позицијата да биде исклучена. Заради тоа, и заради поквалитетни решенија сметам дека овој закон треба да биде носен со 2/3 мнозинство и бидете сигурни не треба да се плашите и не треба никој да страхува дека тој закон нема да биде изгласан со 2/3 мнозинство со еден конструктивен приод и со начин како што пристапивме и кон овие амандмани. Значи, ако сме свесни и ако имаме желба да направиме реформи во судството треба сите да придонесат, а не само еден и на тој начин да дојдеме до квалитетни решенија.

Почитувани колеги, почитувана министерке ние ќе инсистираме, не би сакал да се сфати сега ова како уценување, но навистина ќе инсистираме тој амандман да биде прифатен не од некакви кој знае какви побуди, туку исклучиво од тоа бидејќи сакаме како опозиција да дадеме придонес во рамките на она што значи реформа. Затоа што, властите можат да се менуваат на секои четири години како што има избори, но законите треба да бидат така решени да важат за сите, а да не бидат така лесно менливи. Секако, нормално да бидат квалитетни, за да можат да се применуваат.

Почитувани колеги, ова е мојата дискусија во смисла на општиот претрес по овој амандман, само да ве информирам вас и целата македонска јавност дека на овој амандман јас имам поднесено шест амандмани во името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија и од судбината на тие амандмани ќе зависи и судбината на наШето гласање по однос на овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кондарко имате збор.

**Борис Кондарко:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Бидејќи до сега од расправата во Парламентот поминаа 2/3 од амандманите, значи овој амандман за Судскиот совет, дваесет и осмиот според своето значење, можеби и најважниот од целата оваа реформа што се прави на судскиот систем и според сето она што беше искажано од јавната расправа, од она што беше кажано преку медиумите во јавноста од политичките партии, но и од дискусијата на пратениците овдека во дебатата во Парламентот, сакам да го изразам моето задоволство и да го поздравам позитивниот пристап и поддршката што во овој важен момент и во оваа важна реформа за Република Македонија ја дадоа пред се некои партии од опозицијата, како што се Либералната партија на Стојан Андов, Земјоделска народна партија на господинот Ѓорчев, се надевам дека својата конструктивност ќе ја покажат и Социјалистичката партија и пред се ВМРО-Народна партија, а жалам што ДПА не е во Парламентот. Меѓутоа после оваа констатација во врска со расправата, посебно во врска со овој амандман за Судскиот совет, се забележува дека недостасува ВМРО-ДПМНЕ во Парламентот и се поставува прашањето каде е Никола Груевски и за колку амандмани од досегашниот тек на расправата гласаше лично тој. Како што можеше да види целата јавност, Никола Груевски не дискутираше и не гласаше па макар и против за ниеден од досегашните амандмани, а го нема и на овој клучен амандман кога расправаме за Судскиот

совет. Не знам како ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа, меѓутоа политичкиот став на оваа партија на почетокот кога стартуваа овие уставни измени, беше дека воопшто нема потреба од уставни измени, односно дека реформата на судството може да се направи само преку смени на законите што е невообичаено и чудно бидејќи се работи за уставна материја која секако не може да се реформира со промени во законот.

Со оглед на тоа што власта во досегашната расправа, прва, втора фаза, во јавната расправа, направи неколку отстапки и компромиси со опозицијата, исто така беа прифатени и некои забелешки од експертската јавност, од судската фела, сметам дека треба да се постави прашањето за евентуалната одговорност за евентуалното неизгласување од некои од опозиционите политички партии, на уставните амандмани. Тоа го кажувам посебно од аспект, после...

**Љупчо Јордановски:** Господине Кондарко првата дигресија ви заврши, ве молам за амандманот зборувајте.

**Борис Кондарко:** Ќе завршам веднаш и со втората и поминувам на текстот.

Значи, после позитивното мислење од Европскаста комисија за уставните реформи кои се еден од клучните избори за добивањето на кандидатскиот статус на Република Македонија. Затоа претседателе, во контекс на оваа втора дигресија, лично како пратеник сметам дека ова ќе биде тест за ВМРО-ДПМНЕ, посебно кога се работи за едно толку значајно прашање, како што е Уставот на Република Македонија, за нивната одговорност во врска со гласањето, поддршката или не поддршката односно преку тоа остварувањето на целта на реформите во правосудството односно тест за одговорноста на ВМРО-ДПМНЕ кон националните интереси на Република Македонија, од аспект на евроинтеграциите на Македонија. Завршив со дигресијата.

Кокретно во јавноста и во парламентарната дебата најмногу стана збор за три проблематични пунктови кои се наоѓаат во текстот на Амандманот 28, а тоа се, прво учеството на министерот за правда во Судскиот совет, по функција, претседавањето на претседателот на Врховниот суд со Судскиот совет и неговото членување таму по функција и третата работа начинот на изгласување на Законот за судски совет што треба да следи после усвојувањето на уставните измени.

Што се однесува до министерот за правда, сметам дека овде треба цврсто да се одбрани оваа позиција, бидејќи не само што е корисно туку и пожелно членувањето на министерот за правда во Судскиот совет, бидејќи овде е најизразен и најмногу треба да дојде до израз принципот на меѓусебна контрола на властите и принципот на баланс помеѓу законодавната, судскаста односно во овој случај извршната и судската власт. Со ова се исполнува и клучниот услов од мислењето на Венецијанската комисија. Значи министерот за правда како еден од 15-те членови на Судскиот совет, воопшто нема да ја загрози и да ја доведе во прашање независноста на работата на Судскиот совет и неговите уставни ингеренции, како што се предлагаат со измените на Уставот. Од друга страна министерот за правда споделува дел и од надлежностите кои се однесуваат на правосудството со покривањето на владиниот ресор Министерството за правда и тоа воопшто нема да значи мешање во работата, туку напротив евентуална заштита од некои ситуации кои евентуално би се појавиле, така што, до колку некои пробламатични ситуации се појават од било кој аспект, преку претставникот на извршната власт во Судскиот совет, тоа може да покрене и дебата во јавноста, така што може да се изврши дополнителен притисок или контрола во врска со некои постапки во одредени случаи, евентуално, на Судскиот совет. Значи, имаме различни, и од аспект на компаративното право, искуства. На пример во Франција министерот за правда е член на Судскиот совет, во Бугарија е член на без право на глас, додека во Грација не само што е член туку има и дискреционо право, доколку евентуално не се согласува со некои од одлуките на Судскиот совет да има и своевидно право на вето. Значи, апсолутно е корисно ваквото учество на министерот за правда.

Што се однесува до претседателот на Врховниот суд во однос на неговото преседавање со Судскиот совет, компаративното право има повеќе искуства на земјите од Европската унија. На пример Словенија, Италија и Грција, имаме ситуација каде самиот Судски совет го избира неговиот претседавач. Во Естонија и Хрватска изборот на претсдавачот го врши парламентот, додека во Португалија, Шпанија, Романија и Финска, претседателот на Врховниот суд е тој кој претседава со Судскиот совет, додека имаме карактеристично решение во Германија и Франција каде претседателот на Судскиот совет се именува од претседателот на Републиката. Меѓутоа, прашањето е што дел од опозицијата многу жолчно го оспоруваше, пред се неговото присуство во Судскиот совет, а исто така и евентуалното претседавање со него. Апсолутно, според мене не е битно кој ќе биде претседател на Судскиот совет. Битно е тоа да биде направено на демократски начин на кој ќе се гарантира независноста и ќе се потврди самостојноста на овој орган со нови зголемени ингеренции.

Исто така, сметам дека не е било кој судија на Врховниот суд на Република Македонија. Судија на Врховен суд не се станува така лесно. Така што, логично и природно, според функцијата, нејзината тежина, авторитетот, треба да биде дека претседателот на Врховниот суд во секој случај по функција треба да биде член на овој Судски совет. Тоа не е спорно.

Што се однесува до претедавањето и од компаративното право гледаме различни решенија. Сметам дека, до колку Владата и

Министерството се одлучат да направат уште една отстапка во овој амандман, можеби треба да се размисли, како подавање рака и добра волја за постигнување на консензус за вака значајни прашања со опозицијата. Бидејќи станува збор за Уставот на Република Македонија, можеби е добро да се размислува во правец да се прифатат и дел од амандманите на опозицијата кои одат на она решение Судскиот совет сам да си го избира претседавачот. Меѓутоа до колку до тоа дојде, не го знам конечниот став на Владата, би било оставено тоа да се регулира со закон.

Исто така, сметам дека после ваквите изнесени квалификации од страна на дел од опозицијата дека неспоиво е претседавањето на претседателот на Врховниот суд со Судскиот совет заради зголемениот број на функции. Беа спомнати дури и одредени евентуални притисоци, влијанија и тн. Сметам дека треба да изградиме еден однос, една свест, еден систем во политичките партии, малку повеќе да си ги почитуваме сопствените институции на државата, бидејќи од тоа колку самите ќе си ги почитуваме институциите и колку ќе ја градиме нивната доверба, толку ќе ни бидат јаки државните институции. Значи, битно е самите да го градиме нашиот однос и доверба кон институциите.

На крајот околу Законот за Судскиот совет.

Дел од опозицијата смета дека тој треба да се донесе до двотретинско мнозинство. Моето мислење е дека апсолутно тоа не е добро, бидејќи дтворетинското мнозинство само по себе би асоцирало и во одреден момент би претпоставувало одреден политички договор, консензус или компромис што секако се коси со вистинската демократија и со вистинските принципи што се сака да се постигнат со реформите за ефикасност и функционалност на судството, а тоа не е смислата на реформата и не е суштината на демократијата.

Не е тука Жарко Караџоски, нема стравување дека власта, која и да е власт, зборувам за било која политичка гарнитура дека за така значаен закон, како што е Законот за Судски совет, ќе си дозволи со надгласување, бидејќи се предлага да се донесува со 61 глас, да не се консултира со опозицијата, да не отвори една поширока дебата и со тоа да си го загрози сопствениот легитимитет и кредибилитет во јавноста, бидејќи, како и Законот за избори така и Законот за Судски совет се едни од многу важните закони во нашиот уставен систем. Исто така, пракса е и во некои други земји во современите демократии кога Уставот се носи со двотретинско мнозинство, сите оние клучни закони кои понатаму произлегуваат од Уставот да се носат, што е и логично, со помал цензус односно со помало мнозинство, во овој случај 61 глас. Значи апсолутно треба да се опстои на тоа дека овој закон, при неговото донесување, нема никаква опасност опозицијата да стравува дека ќе биде надгласана. Апсолутно тоа е во интерес и на власта и на секоја политичка гарнитура, за вака крупни прашања од интерес на државата, да направи пошироки консултации за да можеме да дојдеме до некое решение кое, иако според Уставот не мора да се носи со 61 глас, да обезбедиме што поголема поддршка, не само во Парламенот, туку и во јавноста.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева, вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Најпрви, пожитуван колега Кондарко, ВМРО-ДПМНЕ, уште еднаш ќе ве потсетам дека даде поддршка и во претходната фаза на Амандманот 28, за потребата од промена на поставеноста на Републичкиот судски совет.

Понатаму, кажувате дека имате договор со сите политички партии дека ќе гласаат сите, само ВМРО-ДПМНЕ е црниот ѓавол во Република Македонија, па му треба превоспитување од вас,господинот Кондарко. Јас мислам дека треба многу сериозно да ги земете забелешките на опозицијата во предвид, бидејќи ние не зборуваме за партизација на судството, туку зборуваме на кој начин можеме да стигнеме до независно судство во Република Македонија.

Околу грижата за тоа, зошто господинот Никола Груевски не е овде во оваа сала, да гласа за амандманите, најпрвин треба да се запрашате зошто најголем дел од претседателите на полилтичките партии не се во овој Парламент. А за господинот Груевски, за ваша инфформација и за информација на целата јавност, ќе кажам дека тој има неколкудневна посета на Брисел и има многу важни разговори, лобира за европската персептива на Република Македонија, ќе се сретне со госпоѓата Дорис Пак и со повеќе видни европарламентарци, со господинот Штефан Лене кој е директор за Западен Балкан и најблизок соработник на Солана, понатаму со Хедер Грап, директор за Западен Балкан, од Канцеларијата на Европската комисија кај Оли Рен, со Герет Еванс и Николас Вајт од Меѓународната кризна група. Значи, почитуван господине Кондарко, господинот Никола Груевски работи во интерес на Република Македонија, а пратениците на ВМРО-ДПМНЕ доволно се борат и се тука да ги кажат своите аргументи и своите видувања за тоа како треба да изгледа реформата во судството.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Госпоѓо колешке Бонева, со сета почит кон вас. Вие сте овде најредовниот и најревносниот пратеник на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, сепак, вие со вашите политички ставови и изјави сте противречни. Велите дека давате поддршка на амандманите, меѓутоа не гласате за ниеден амандман. Така што за одговорноста за евентуалното неизгласување или негласање, постапување, секоја партија пред јавноста си ја сноси сопствената одговорност.

Благодарам на инфомацијата за агендата на господинот Никола Груевски. Апсолутно мене тоа не ми беше прашањето и суштината на репликата и не ме интересираше. Меѓутоа, госпоѓо Бонева и

вие и господинот Груевски треба да сватите дека во моментот кога се носат измени на Уставот на една држава, нема поважно прашање во државата отколку да се биде присутен, како пратеник и лидер на најголема опозициона партија овде во Парламентот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Кондарко.

Господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам претседателе.

Поаѓајќи од настојувањето зошто се иницираат уставните промени, а колку што мене ми е познато целта беше од двоен карактер и тоа за независноста на судскиот систем, а од друга страна деполитизција на овој судски систем. Стигнавме до еден амандман кој всушност претставува и столб или основа на овие измени кои се предложени од страна на предлагачот.

Кога се има предвид фактот дека постоечкиот состав на Републичкиот судски совет е така како што е во актуелниот Устав, во суштина покажува дека политичките влијанија од друга страна и независноста на овој орган е оневозможена поради две причини или две околности. Првата е начинот на избор на овие членови што, како што сите знаеме се избираат од страна на Собранието, каде биле присутни, тоа не треба да се крие дека имало политички влијанија од разни политички субјекти и биле можни тие влијанија. Се поставува прашање како и на кој начин можеме да дојдеме до создавање на еден орган кој во иднина ќе биде носител на власта, на третата власт, како што е судската власт, кој ќе биде полилтизиран и независен. Во овој контекс е и амандманот 28 во однос на составот на идниот Судски совет на Република Македонија. Не случајно во овој амандман се дава и дефиницијата за овој орган, како независен орган кој во иднина ќе има и нови функции, покрај тие што ги има постоечкиот Републички судски совет. Во иднина, повеќе од надлежностите на Собранието во однос на изборот на судиите, се пренесуваат или трансферираат во овој орган и преку овој трансфер посакуваме во иднина да имаме независна судска власт. Тоа го кажувам од причина што од текстот на овој амандман се гледа дека во иднина, составот или поголемиот број на членовите на овој орган нема да се избираат од страна на Собранието, туку ќе бидат избрани од судиите што се предвидува 8 да бидат судии, што ќе се избираат од редовите на судиите и начинот на избор ќе се предвиди со Законот за Судски совет. Понатаму овој орган во себе ќе има и членови според функција, како што е предвидено, значи претседателот на Врховниот суд и министерот за правда. Тројца членови на Советот ќе се изберат од Собрнаието на Република Македонија.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека овој став што е во однос на изборот на тројцата членови од страна на Собранието, е став кој е преземен од текстот на Уставот, Амандман 14 и тука не гледам некоја новина. Тоа го велам од причина што од некои мои колеги, за жал, се злоупотребува инкорпорирањето на овој амандман, алудирајќи на тоа дека токму тој амандман или став во кој е инкорпорирано и Бадентеровото начело.

Меѓутоа се заборава фактот дека овој амандман или овој став од овој амандман е присутен во постоечкиот текст на Уставот или во амандманот 14. И, ан блок е земен и ставен во текстот на овој амандман.

Што се однесува до прашањето што исто така се расправаше и е во однос на правичната и соодветна застапеност на сите заедници, затоа што ова начело е предвидено во неколку ставови, мое мислење е дека тоа е направено така, затоа што органите што избираат или што предлагаат или именуваат членови на идниот Судски совет на Република Македонија се од разни видови. Во овој контекст, овие органи се различни и е добро на овој начин да се дејствува, затоа што се предвидува во секој став биде начелото на праведното и соодветно застапување.

Што се однесува до ставот, според кој што се предвидува да член на идниот Судски совет на Република Македонија биде министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, ценам дека е добро што е предвидено во оваа насока и на овој начин тоа да по функција и овие две функции се претстават во идниот Судски совет на Република Македонија. Моја проценка е дека министерот за правда треба да биде член на овој совет, затоа што тој ги има надлежностите во областа на правосудството. Сите знаеме дека над се е претставник на законите од областа на правосудството и во овој контекст и врз основа на функцијата секогаш ги штити интересите на овој судски орган.

Исто така, исто е моето мислење во однос на функцијата претседател на Врховниот суд, што исто така во иднина се предвидува да биде член на Судскиот совет, сепак прашањето дали трењба да биде претседател или не, врз основа на функцијата, да биде претседател на идниот Судски совет на Републиката е прашање што е расправано и над се е расправано и во текот на јавната расправа во однос на овие амандмани. На Уставната комисија го кажав моето мислење, дека сепак не е грешка да претседателот на Врховниот суд биде и претседател на Судскиот совет во контекст на тоа кога се има предвид дека поголемиот број на членови ќе бидат судии. И, може да дојдеме во позиција, до колку создадеме уставен простор да идниот претседател се избере од самите членови на Судскиот совет, секогаш претседателот на овој совет да биде судија. Затоа што поголемиот број на членовите ќе бидат токму судии.

Сепак, не треба да се заборави еден друг факт дека во компаративното право постојат држави во кои што претседателот на Советот како орган, судски орган е исто така и претседател на Врховниот суд, како што е на пример случајот со Шпанија, Португалија и многу други држави. Факт е дека има аргументи контра, против, затоа што

може да се случи преку оваа позиција се херметизира системот. Меѓутоа, јас ценам дека оваа работа не може да се случи, затоа што во законот што во иднина ќе ги уредува условите, поставката, изборот и именувањето на функциите на членовите на Советот ќе има можност да преку определени законски норми се предвидат и услови или други начини да не се дојде до еден таков херметизиран систем.

Мислам дека е добро што е дејствувано на ваков начин, од аспект на тоа дека не е предвиден начинот на гласање на овој закон, затоа што во начело, во Уставот, во делот каде што се надлежностите на Собранието многу јасно е дефинирано кои закони и на кој начин се донесуваат од страна на овој орган. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Витановски, повелете.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван министре за правда, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека ова е клучниот амандман, односно амандман за реформи во судството и заради тоа предизвика толку голема расправа, како во јавната расправа, така и дискусии во комисиите и овде во Парламентот, но со право, бидејќи Амандманот 28, што се однесува на Судскиот совет на Република Македонија, тоа е амандманот што треба да ја гарантира независноста на судството. Сметам дека не само за овој амандман туку и за сите останати амандмани ќе најдеме консензус, заеднички јазик сите овде во оваа сала и сите политички партии, се надевам дека и на чинот на прогласувањето на амандманите ќе дојдат и ќе бидат присутни колегите од ДПА, па така, сите заедно ќе ги донесеме и прогласиме овие уставни амандмани. Со тоа ќе дадеме една порака до сите, до Европската унија, дека ние сме земја што е подготвена да ги спроведува реформите, со што ќе дадеме јасен сигнал за Европската унија и да го очекуваме 15 декември да бидеме прогласени за кандидатка за член во Европската унија.

Сметам дека овој амандман е навистина клучниот амандман во овие 12 амандмани и со овој амандман, сега веќе ќе биде тој кој ќе биде гаранција за чувањето на независноста на судството. Со овој амандман има неколку измени во однос на она што беше во Нацртот. Самиот назив на органот што треба да ги спроведува, да ги избира и именува судиите, беше во Нацртот Државен судски совет, сега веќе имаме Судски совет на Република Македонија. Тоа е неовината од Нацртот до Предлогот и тоа е една голема новина. Веќе се кажува дека тоа е Судски совет на Република Македонија што ќе биде самостоен, независен орган на судството, ќе ја обезбедува и ќе ја гарантира независноста и самостојноста на судската власт, во однос на извршната и законодавната власт.

Во самиот амандман, веќе се дава една дефиниција на Судскиот совет, со што веќе се прецизира функцијата и главната работа на Судскиот совет. Според тоа, до сега, ние како парламентрана демократија, односно во Собраниеот овде ги избиравме ние судиите, значи Собранието ги избираше судиите на предлог на Републичкиот судски совет, сега главната работа и главната реформа во судскиот систем ќе биде тоа што овој орган, Судскиот совет на Република Македонија ќе ги избира судиите и со тоа законодавната власт ќе се тргне настрана, како и извршната власт, од одлучувањата на судската функција, односно судската власт.

Сега имаме Судскиот совет ни беше составен од 7 членови, сега овој Судски совет на Република Македонија ќе биде составен од 15 членови, за што зборуваа и сите колеги. Добро е тоа што во овој Судски совет ќе имаме 8 членови, судии по професија. Другите 7 ќе бидат останати, истакнати правници, адвокати и т.н.

Расправата покажа дека има многу дилеми по однос на овој орган и секој од својата политичка партија, колегите, си ги кажаа своите мислења по однос на составот на овој Судски совет. Мислам дека е добро тоа, прво што од 15 членови на Судскиот совет ќе бидат 8 судии, така што тие ќе бидат доминантни во процесот на именувањето, односно избирањето на судиите. Тоа значи дека судиите сами ќе одлучуваат кој ќе биде избран за судија, а не некоја друга власт, дали извршната или законодавната власт. Тоа е една придобивка и со тоа мислам ќе направиме судството да биде независно.

Во однос на тоа кој ќе членува во овој Судски совет, кажано е во самиот амандман дека 8 членови ќе избираат судиите од своите редови, 3 членови ќе избира Собранието, е сега, ќе избира Собранието 5, бидејќи го прифативме амандманот со кој што Претседателот на Република Македонија нема да именува, туку ќе предлага, значи Собранието ќе избира 5 членови и по функција ќе бидат членови на Советот претседателот на Врховниот суд и министерот за правда.

Најголемите дилеми овде, од политичките партии и од опозицијата беа вкупно за овие два субјекти, односно 2 члена што по функција ќе бидат членови на Судскиот совет на Република Македонија. Тоа се претседателот на Врховниот суд и министерот за правда.

Тоа што беше кажано од страна на опозицијата, мада овде многу малку слушнавме од ВМРО-ДПМНЕ, од Народна и од останатите по однос на тоа кои се нивните аргументи, но во однос на јавната расправа што се водеше беа искажани многу мислења за тоа дали да биде претсеателот на Врховниот суд и претседател на ова тело, дали да биде член и уште една дилема дали минситерот за правда да биде член на Судскиот совет на Република Македонија. Аргументите што ги дадоа се на нивна страна. Тие ги искажамандманот своите аргументи, но има и

сосема други аргументи што треба да ги кажеме овде за тоа дали претседателот на Врховниот суд на Република Македонија да биде член во овој состав и дали да биде претседател.

Од она што беше до сега кажано од колегите пратеници, од јавната расправа, можно е да се најде некое компромисно решение во интерес на државата, на Република Македонија во однос на тоа дали претседателот на Врховниот суд да биде и претседател на ова тело. Но, јас сметам дека претседателот на Врховниот суд и неговото членување во Советот, како претседател на највисокиот суд во Македонија треба да биде застапен во Судскиот совет на Република Македонија, бидејќи тој има авторитет. Но, тоа не значи дека тој, со својот авторитет ќе може да ги надгласа 14-те останати членови на Судскиот совет и тој да ги именува тие судии. Мислам дека, како авторитет да, но мислам дека не ќе може еден човек да ги надгласа останатите 14 членови и да се избира по негова волја, како што истакнуваат колегите од опозицијата.

Претседателот на Врховниот суд, како најавторитетна личност во судството има увид во работата на сите судии и на тој начин неговото учество во Советот, во Судскиот совет на Република Македонија ќе придонесе за поправилна, пообјективна, пореална оценка за избор на кандидати за судии. Мислам дека треба претседателот на Врховниот суд да биде член на Судскиот совет.

Во однос на тоа дали да биде претседателот на Врховниот суд и претседател на Судскиот совет на Република Македонија, за што има амандмани од опозицијата, до колку опозицијата толку стои цврсто на тој став, па да едноставно уценува дека нема да гласа за овој амандман, а нам ни е од интерес овие амандмани да ги донесеме, можно е да се направи компромис нивните амандмани да се прифатат, односно да Судскиот совет на Република Македонија сам избира претседателот на Судскиот совет од членовите на Советот. Тука може да се најде некој компромис и на тој начин да го надминеме јазот.

Во однос на тоа дали минситерот за правда да биде член на Судскиот совет на Република Македонија, за мене нема дилема. Мислам дека минситерот за правда треба да биде член на овој орган, односно да биде член на Судскиот совет на Република Македонија и да биде единствениот претставник на извршната власт во Советот, бидејќи тој ќе прави баланс помеѓу законодавната, извршната и судската власт, а и самата надлежност на минситерот за правда во делот на правосудната управа и погодноста, бидејќи во носењето на законите од областа на судството е најмногу во тек со оваа област и мислам дека минситерот за правда ќе биде и те како од корист и ќе придонесе за работењето на Судскиот совет на Република Македонија.

Во однос на 8-те членови на Советот што ќе ги избираат судиите од своите редови, сега веќе овде е кажано точно и прецизно. Во Нацртот тоа не беше направено. Сега е направено, поквалитетен текст, кажано е дека 8-те членови на Советот ги избираат судиите од своите редови. Сега, 3 од избраните членови се припадниците на заедниците и т.н. За ова зборував на комисиите и сметам дека оваа одредба да 3-ца бидат припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници, мислам дека го оптоваруваме текстот и тоа е кажано во Амандманот 6, е регулирано за правичната застапеност и мислам дека овде не треба да стои тоа. Исто и во точката 4.5. што исто Собранието избира, пак правична застапеност на заедниците. Тоа е регулирано со Уставот, со Амандманот 6 и 10 и мислам дека овде не треба да ги оптоваруваме амандманите со таков текст. Ако немаме доверба еден во друг, тогаш може да се стави тоа во законот за судовите и понатаму. Но, не овде во уставните амандмани бидејќи еднаш за правичната застапеност е кажано и регулирано во Амандманот 6. Ако треба во понатамошната примена, треба да биде предмет на законско уредување.

Во однос на членовите кој требаше да ги именува Претседателот на Република Македонија, тоа се двајцата членови, сега имаме да предлага Претседателот на Република Македонија двајца членови што сега ќе треба Собранието да ги избира тие членови, односно Претседателот на Република Македонија сега ќе предлага.

Зборував и на комисиите, не знам како ќе биде понатамошната постапка за избор на тие двајца членови, бидејќи сега Претседателот на Република Македонија ќе ги предлага, а Собранието треба да ги избира. Може да се случи Претседателот на Република Македонија да ги предлага тие двајза, а парламентарното мнозинство да не ги избере тие членови, па ќе дојдеме повторно во ситуација како што покажа претходното искуство Претседателот на Република Македонија да предлага, а Парламентот да не ги избира. Така, Судскиот совет на Република Македонија наместо да работи со 15 членови, да работи со 13 членови. Ќе видиме како тоа ќе биде понатаму, но се надевам дека ќе биде реќено со закон, постапката за избор на овие членови, бидејќи вака остава простор членовите кои ќе ги предлага Претседателот повторно ќе бидат на вага во Парламентот.

Во однос на мандатот на избраните и именуваните членови на Советот, што е предвидено да трае 6 години сега новина е да биде со право на уште еден избор. Ова е сосема во ред и тие луѓе треба својот мандат, ако заслужуваат да имаат право на уште еден изборен мандат.

Во однос на тоа како ќе се носи законот за условите и постапка за избор и именвување и основите и постапката за функција и разрешување на членот на Совет, ќе се уредува

со закон. Овде имавме дилеми, имавме предлози. Опозицијата предлага тој закон да се носи со двотретинско мнозинство, други со Бадинтерово мнозинство, така што тука треба да се најде заедничко решение. Носењето на закон со двотретинско мнозинство може да предизвика недонесување на тој закон. Тогаш, и ако сме ги донеле уставните амандмани, ако не ги донесеме законите, тогаш не сме ги спровеле реформите во судството.

Се андевам дека во текот на расправата, имаме амандмани, ќе се усогласиме и мислам дека од страна на сите пратенички групи, се надевам, кога ќе дојде денот на прогласувањето на амандманите, овде ќе биде присутна и ДПА, ќе ги изгласаме, ќе ги донесеме уставните амандмани со единствена порака да кажеме до Европската унија дека сме подготвени за реформи и можеме да го чекориме патот кон Европската унија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски повелете, имате збор.

**Драго Шајноски:** Благодарам господине претседателе.

Уште Аристотел рекол дека целата на државата не е само да обезбеди опстанок на луѓето, туку да овозможи среќен живот во чија основа ќе лежи правдата. Значи, правдата е неодминлив принцип за среќен живот на човекот во секое општество, но што е уште поважно, правдата е и вродена мисија на секој човек. Заради последново, препорачливо е правдата во општествата да се случи штопобрзо, бидејки може да се убие и лав, но не и амбицијата во обичниот човек. Бидејки кај нас се е во задоцнување, па и правдата, сметам дека треба да направиме подвиг, кој како и талентот ќе го скрати патот до целта. Нека денешнава седница биде еден таков обид. минситерот за правда.

Кратко ќе дискутирам и во полза на амандманот со кој се предлага претседателот на Врховниот суд да не биде ниту член на Државниот судски совет, а не негов чауш. Всушност сакам да акцентирам дека секој човек треба да извршува само една задача и тоа успешно, а не две или повеќе, но неуспешно. Нагласувам дека овде нема алтернатива. Или една задача со голема веројатност успешно да се заврши или повеќе, но сигурно неуспешно да се завршат.

Во принцип човекот како општествено битие најчесто ја деформира својата свест ако почуствува дека општеството долготрајно му верува без видливи причини зошто го прави тоа и му доделува повеќе функции паралелно. И најслабиот интелект кога ќе легне и го резимира денот барем во еден дел од мигот ќе си признае дека не го бива за одредена работа. Но, ако опшеството од било кои поводи ги признава неговите наводни напори како ефективни тогаш тој најпрво свесно влегува во таа претстава, а подоцна неговата свест се искривува и тој навистина почнува да мисли дека е посебен тип и почнува така посебно да се однесува. Ова се должи на природната постојана спротивставеност помеѓу страсната љубов кај човекот за власт и недостигот за потреба за работа кај него. Од оваа природна замка успева да се извлечат само исклучителните луѓе, само силните по карактер луѓе, само луѓе што имаат потреба за работење, но за жал кај поголем дел од ваквите луѓе има недостаток на љубов за власт. Исклучителните луѓе ги карактеризира успешност во работата како последица на нивниот талент и пред се, на нивната тотална посветеност на еден проблем. Само тогаш има успех, само тогаш има креативност од личноста што е одговорна за проектот, само тогаш може објективно и прецизно да се изнајдат резултатите од трудот и да се оцени креативноста. Се друго е ветер и магла, се друго е шарлатанство и политиканство. Ако сакате некого да го направите неуспешен не треба да му дадете тешка задача, туку две лесни. Само ако ги прифати тој е готов. Таквите луѓе ги карактеризира универзалност, тие знаат од се по ништо. Затоа сметам дека неопходно потребно е да се скратат надлежностите на сите функционери во државава и да се сведат на по една. Тоа ќе значи пресретнување на иднината во која сум сигурен дека скоро ќе пристигне и дека тогаш тешко ќе ни биде да најдеме здрав човек кој ќе се нафати да извршува 15 функции успешно и за нив да одговара пред јавноста.

Од тие причини го подржувам овој амандман, а не заради тоа што можеби актуелниот претседател на Врховниот суд е неспособен и следователно на тоа корумпиран. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шајноски, интересно во овие доцни саати една мала разнибрига да слушнеме на овој начин. (Реакција на пратеникот Флоровски од место)

Па работиме ние од сабајле, јас господине Флоровски не ве гледам тука присутен често, но овде јас седам 8 саати.

Господине Георгиевски имате збор, повелете.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата . Јас се пријавив за реплика на пратеникот Кондарко, но задоцини и затоа сега ќе си го кажам моето мислење.

Тој во својата дискусија кажа дека сите партии вклучително и ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Георгиевски, како на господинот Кондарко, ќе го сметам како дигресија во рамките на вашето обраќање, повелете.

**Михајло Георгиевски:** И Земјоделската партија на господинот Марјан Горчев ги подржува овие уставни амандмани и за нив ќе гласам. Видете, точно е така, Земјоделската народна партија имајќи во предвид дека со промената на одредени уставни амандмани во судството ќе направи чекор напред, но со забелешка дека некој не можат да одат како што се сега предложени. Мора да се изврши извесна корекција бидејќи вака како

што се сега дадени мислам дека место напред ќе не однесат назад во демократијата и владеењето, особено се однесува на овој амандман, како што рекоа други дека е клучен амандман во сите овие неколку уставни амандмани.

Самиот факт дека претседателот на Уставниот суд ќе биде претседател и на Судскиот совет е веќе двојство во владеењето, неспоиви функции, тоа е веќе натрупување и засилување на една личност со одредена силна моќ на власт. Затоа, доколку ова не се промени, т.е. не се корегира овој амандман, не му се одземе можноста на претседателот на Врховниот суд да биде и претседател и на Судскиот совет, т.е. Судскиот совет да си одбира свој претставник, во тој случај длабоко ќе размислиме како ќе гласаме и за сите други амандмани, зошто овој е клучен. Ако овој не се промени мислам дека тешко ќе помине целата ова акција што мислиме дека треба да води кон добро. Ако овој амандман остане и некои други за кои се изјаснија мислам дека тешко ќе поминие сето тоа.

Затоа уште еднаш нека размисли министерката и другите во власта кои амандмани ќе ги прифати, што ќе прифати, што ќе одбие, зошто од тоа ќе зависи целата ова акција, целиот овој успех. Можеби нашата партија е мала, 5 души, но можеби тие се пресудни во гласањето. Затоа нека се подразмисли. Ние стоиме на стојалиште дека ова не може така да стои. Претседателот на Врховниот суд не може да биде претседател на Судскиот совет. Благодарам, тоа се забелешките.

**Љупчо Јордановски:** Направивте еден лапсус кога рековте дека вашата партија е мала, пет души, вашата пратеничка група е мала пет души, не партијата. Да ве искорегирам да не помислат дека навистина сте пет души во партијата.

Господине Флоровски имате 10 минути време ако можете и ако е тоа доволно повелете.

**Александар Флоровски:** Ако мислите за 10 минути да завршам, ќе оставам за петок, денеска нема да дискутирам, ако се сложат пратениците да ме сослушаат тоа е друго прашање, ако не во петок да се видиме овде во 11 часот и да кажам она што сметам дека треба да кажам.

**Љупчо Јордановски:** Колку после 18 часот мислите да дискутирате.

**Александар Флоровски:** Неможам сега да ви кажам колку ќе биде. Додека јас овде говорам, па ми надоаѓаат нови идеи, па сметам дека и тоа треба да се каже.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам крај на денешната седница. Продолжуваме во петок во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот).